Биро за развој на образованието

# Практикум кон Прирачникот за инклузивно образование



# Практикум кон Прирачникот за инклузивно образование



**Наслов:**
ПРАКТИКУМ КОН ПРИРАЧНИКОТ ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Издавач:**
Биро за развој на образованието

**За издавачот:**
м-р Весна Хорватовиќ

**Стручна ревизија:**
м-р Аница Алексова

**Избор и дополнување на материјалите:**
Александра Пешевска Митановска
Вангелина Мојаноска
м-р Душанка Панкова
Елизабета Петровиќ
Милка Ивановска
м-р Розалија Бошковски

**Лектура:**
Катица Трајкова

**Дизајн:**
КОМА

**Печатница:**
Европа 92

**Тираж:**
600 примероци

Прирачникот е изработен и испечатен со експертска и финансиска поддршка од Канцеларијата на УНИЦЕФ

Публикацијата е подготвена со стручна помош од Македонскиот центар за граѓанско образование.

Ова издание е резултат на соработката меѓу Регионалната канцеларија на УНИЦЕФ за регионот Централна и Источна Европа и Заедницата на независни држави, Канцеларијата на УНИЦЕФ во поранешната Југословенска Република Македонија и Универзитетот за образование на наставници од Цирих.

# СОДРЖИНА

Почитувани корисници ---------------------- 5

Модул 1: **Инклузивно образование – визија, теорија и концепти** ---------- 7

Единица 1.1.: Вовед кон инклузивно образование ------------------------------------------10

Единица 1.2.: Личен професионален развој ---------------------------------------------------16

Единица 1.3.: Вреднување на различноста на на учениците------------------------------ 29

Единица 1.4.: Поддршка на сите ученици --------------------------------------------------- 33

Единица 1.5.: Работење со другите ------------------------------------------------------------ 34

Модул 2: **Работење заедно за создавање инклузивни училишта** --------- 39

Единица 2.1.: Комуникација за градење врски ---------------------------------------------- 40

Единица 2.2.: Разбирање за ограничувањата на учество ------------------------------- 51

Единица 2.3.: Соработка за надминување на ограничувањата на учеството ---- 59

Единица 2.4.: Креирање тимови и заедници за инклузија ---------------------------- 69

Модул 3: **Средини што помагаат за индивидуализирано учење** ---------- 75

Единица 3.1.: Анализирање на состојбите на учење на децата и на младите ---76

Единица 3.2.: Креирање ефикасни цели ------------------------------------------------------ 82

Единица 3.3.: Приспособување на ситуациите кон барањата на учениците ----- 87

Единица 3.4.: Креирање практика за поддршка на сите ученици ------------------- 94



## Почитувани корисници,

Овој Практикум претставува збирка со материјали што е **дополнување** на Прирачникот за инклузивно образование (Холенвегер Џ., Хант П., Шабани Н., Биро за развој на образованието, Скопје, 2015, http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/Modul_za_Inkluzivno_obrazovanie-MODUL_1_2_i_3_MK_ZA_WEB.pdf) и задолжително се користи заедно со него. Додека во Прирачникот се воведени современите приоди, концептите и поимите за инклузивно образование, во Практикумот се дадени практични идеи и продукти од активности што поддржуваат подобро разбирање на концептите и помагаат при практикување на инклузијата во училницата, училиштето и поширокото окружување. Исто така, Практикумот ќе помогне во планирањето и реализацијата на обуките за инклузивно образование.

Практикумот главно е наменет за наставниците во училишта коишто сакаат да ги започнат или да ги подобрат своите инклузивни практики, како и за обучувачите за инклузивно образование. Може да го користат и сите други што се заинтересирани за подобрување на образовната практика, за обезбедување квалитетно образование за сите деца, вклучувајќи ги и маргинализираните групи ученици.

Тука **не се** понудени готови решенија и рецепти според кои се прави промена во пристапот до образованието, вклученоста во образовниот процес и подобрување на постигањата на учениците со тешкотии. Тука **се** понудени примери/изработки што се изготвени за време на обуките на обучувачите и обуките на наставниците во дваесет основни училишта. Исто така, во Практикумот се вклучени искуства и изработки од иновативни наставници ментори за инклузивно образование, како идеи што мотивираат на критичко размислување, проценка и надградување на сегашната инклузивна практика во училиштата.

Содржински, Практикумот е организиран во три дела и **ја следи структурата на Прирачникот за инклузивно образование**:

- Модул 1: **Инклузивно образование визија, теорија и концепти**
- Модул 2: **Работење заедно за создавање инклузивни училишта**
- Модул 3: **Средини што помагаат за индивидуализирано учење**

Во табелата подолу се дадени училиштата чии изработки на наставниците се вклучени во Практикумот и на кои им се заблагодаруваме за можноста за нивно користење.

| Основно училиште | Место | Година кога училиштето е вклучено во програмата |
|---|---|---|
| Димо Хаџи Димов | Скопје | 2012 |
| Дане Крапчев | Скопје | 2012 |
| Мустафа Кемал Ататурк | Гостивар | 2012 |
| Љубен Лапе | Скопје | 2012 |
| Лазо Ангеловски | Скопје | 2012 |
| Гоце Делчев | Прилеп | 2012 |
| Ѓорѓија Пулески | Скопје | 2012 |
| Единство Башкими Бирлик | Гостивар | 2014 |
| Добре Јовановски | Прилеп | 2014 |
| Наим Фрашери | Тетово | 2014 |
| 11 Октомври | Куманово | 2014 |
| Ѓорѓи Сугарев | Битола | 2014 |
| Браќа Рамиз и Хамид | Скопје | 2014 |
| Димитар Влахов | Штип | 2014 |
| Св. Кирил и Методиј | Македонска Каменица | 2015 |
| Малина Попиванова | Кочани | 2015 |
| Видое Подгорец | Струмица | 2015 |
| Александар Здравковски | Јегуновце | 2015 |
| Васил Главинов | Велес | 2015 |
| Коле Канински | Битола | 2015 |

# Модул 1: Инклузивно образование – визија, теорија и концепти



# 1

Во додатокот на овој Модул се дадени примери на изработки од различните училишта во кои се претставени размислувањата за сопствената практика, знаењата, верувањата и ставовите за инклузивното образование; кои пак се основа за компетенциите на инклузивниот наставник.

## Како размислуваат децата и возрасните заедно!

**Пример 1:**

„Инклузија“ акростих, изработен на инклузивна работилница реализирана со ученици, наставници и родители.



## Како размислуваат возрасните!




**Пример 2:**

*Бура на идеи* за инклузивно образование (на една од обуките за вработени во училиштата и родители): индивидуалност, соработка, припадност, оспособеност, самостојно, сигурност, СИТЕ, почит, одлучност, прифаќање, креативност, пристапност, социјализација, решавање проблем, процес, еднаквост, предрасуди, бариери, охрабрување, различности.

## Како размислуваат децата!




**Пример 3:**

Како учениците го претставуваат инклузивното образование (пример од работилница организирана од УНИЦЕФ).

# Единица 1.1.: Вовед кон инклузивното образование

Примерите во оваа единица вклучуваат анализи на состојбите во различни училишта изготвени од тимови со наставници од училиштето; различни претставувања на очекувањата на наставникот за во иднина, што пак води кон создавање почетна дефиниција за „инклузивно образование“.

## Река на животот симбол на континуираниот инклузивен процес во инклузивните училишта-стр. 39, Прирачник за инклузивно образование

**Пример 1:**







**Пример 2:**

Минатото е прикажано преку: несигурност, осаменост и издвоеност. Сегашноста е прикажана преку: соработка со тимови, поддршка од психолог, педагог, дефектолог, се изготвува ИОП, сите се заедно (од сликички). Иднина: каде што има дете со ПП да има помал број ученици, да има опремена училница со сите средства потребни за инклузија, да има поголема соработка со стручни лица, да се работи со поголема љубов.



### Пример 3:

Во минатото учениците со посебни потреби беа вклучени во специјална паралелка, децата што заостануваа во развојот беа опфатени со индивидуализиран пристап.

Во сегашноста сме информирани за ИО, но не бевме обучени за изготвување на ИОП, имаме помош од дефектолозите.

Во иднина имаме потреба да се оспособиме за идентификување на деца со ПП, да знаеме каков пристап да примениме кон секое дете според неговите потреби, како да го оцениме, како да направиме ИОП, имаме потреба од помош од стручни лица.

## Како наставниците го дефинираат инклузивното образование?

### Пример 1:

Дефинициите за инклузивно образование се различни, како и инклузивните практики во инклузивните училишта!

- „Инклузијата е динамичен процес што ги вклучува сите деца во редовното образование, почитувајќи ги основните човекови права за образование, овозможува пристап до редовната настава и овозможува напредок според индивидуалните потреби“.
- „Инклузивното образование е процес што опфаќа соработка, вклученост, споделување, синергија, прифаќање“.
- „Инклузија е филозофија на образованието базирана на верувањето дека секоја личност има право на учество во општеството“.

**КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ = ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**Пример 2:**

Инклузивното образование ...

- е пошироко од формалното образование, го вклучува домот, заедницата, формалните и неформалните системи;
- признава дека сите деца можат да учат;
- им овозможува на образовните системи форми и методи да ги задоволат потребите на сите деца;
- ги признава и ги почитува разликите кај децата, како што се возраста, полот, етничката припадност, јазикот, инвалидитетот, ХИВ и туберкулозата;
- е динамичен процес што постојано се развива во согласност со културата и средината;
- е дел од пошироката стратегија за промовирање на инклузивното општество.

## Активности според студијата на случај: Пристап на системот и личноста-стр. 41 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

Може ли ученикот да биде исклучен и покрај отстранетите бариери? Да, ако не се воведе пристап што е фокусиран и на системот и на ученикот!

| **ФОКУС НА СИСТЕМОТ** | **ФОКУС НА УЧЕНИКОТ**<br>(Дете од маргинализирана група кое никогаш не било во училиште, од сиромашно семејство во кое не се зборува јазикот на локалното училиште.) |
|---|---|
| Отстранети бариери: | Зајакнување: |
| ▸ училиштето напорно работи да стане инклузивно;<br>▸ инклузивни наставници (обучени и фокусирани на децата);<br>▸ флексибилна наставна програма;<br>▸ добра хигиена;<br>▸ меѓуврсничка поддршка... | ▸ посета на семејството;<br>▸ едукација на родителите;<br>▸ наоѓање ресурси за материјална поддршка;<br>▸ обезбедување меѓуврсничка поддршка;<br>▸ диференцирани наставни цели... |

**Пример 2:**

ПРИСТАП + УЧЕСТВО + ПОСТИГНУВАЊЕ = СИТЕ ДЕЦА СЕ ВКЛУЧЕНИ И СЕ УСПЕШНИ.

| **ФОКУС НА СИСТЕМОТ** | **ФОКУС НА УЧЕНИКОТ**<br>(Дете со детска парализа кое има тешкотии во одењето,никогаш не било на училиште, се плаши и нема самодоверба.) |
|---|---|
| Отстранети бариери: | Зајакнување: |
| ▸ училиштето напорно работи да стане инклузивно;<br>▸ инклузивни наставници (обучени и фокусирани на децата);<br>▸ флексибилна наставна програма;<br>▸ добра хигиена;<br>▸ меѓуврсничка поддршка... | ПРИСТАП: Посета на семејството, обезбедување количка, учебници, прибор и придружба (родител, брат, роднина и слично) ...<br>УЧЕСТВО: Учество во училишни активности, чувство на припадност и компетентност, интерес, мотивираност, споделување, самодоверба, самостојност...<br>ПОСТИГНУВАЊЕ: Умеења, знаења... стекнување образование. |

## За кои деца постои ризик од исклучување или кои се децата што се соочуваат со специфични предизвици?



## Кругови на инклузија-стр. 42 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

Круговите на инклузија ја претставуваат состојбата на детето. Ова се кругови на исклучување.

| | |
|---|---|
|  | **Маргинализирани групи** може да бидат помали етнички заедници, разни специјализирани установи (заводи, домови, болници, училишта), доселеници, мигранти ... |
| | **Маргинализирани семејства** може да бидат социјално загрозени, со член/членови со болест или попреченост, еднородителски, дисфункционални... |
| | **Маргинализирани деца** може да бидат деца со попреченост, болни, бездомници... со ризик од исклучување. Тоа најчесто се деца од маргинализирани семејства и групи. |

**Пример 2:**




Во текот на својот живот детето создава врски коишто овозможуваат влез во заедниците во кои се наоѓаат институциите, меѓу кои е и училиштето. Училиштето ја има улогата да даде квалитетно образование што ќе му овозможи на детето да стане дел од инклузивното општество. Квалитетот на меѓусебните поврзувања, пристапот и учеството во овие кругови одредуваат како и колку детето ќе биде вклучено во инклузијата. Крајната цел на инклузијата е рамноправен член во едно инклузивно општество, согласно со човековите права.



## Хронолошка перспектива-стр. 45 од Прирачникот за инклузивно образование

| | Пристап (влез) Право на образование | Учество (ангажирање) Права во образованието | Постигнување права преку образованието |
|---|---|---|---|
| **Политики (макрониво)** | Конвенции (Конвенција за правата на децата; *Конвенција за правата на лицата со попреченост) Кампањи... | Инклузивен систем на образование (БРО, ДПИ, ЕМИС, ДИЦ, закони и правилници, буџет и финансирање...); министерства услуги; меѓусекторска соработка. | Граѓани вклучени во инклузијата активни учесници во заедницата/ инклузивното општество. |
| **Училиште (мезониво)** | Сите ученици од локалната средина се во училиште; отстранети бариери. | Училиште по мерка на детето (инклузивни наставници; инклузивен тим; соработка со локалната заедница, семејствата, НВО; обуки/ работилници за вработените, родителите и учениците; генерациска и меѓугенерациска поддршка/ соработка; училишни кодекси на однесување...). | (По)инклузивно училиште. |
| **Училница (микрониво)** | Услови приспособени кон различни потреби на учениците; методи, средства и помагала; флексибилност (време, распоред и сл.)... | Настава заснована на стандарди, целни и интензивни интервенции; меѓуученичка поддршка; правила на однесување; наставни и воннаставни активности со бихевиористичко ангажирање, искусување компетентност, емоционално ангажирање, практикување независност... | Учениците ги почитуваат различностите; сите се чувствуваат прифатено, соработуваат, доживуваат успеси, сакаат да доаѓаат на училиште... |
| Врските ги поврзуваат системите со лицата | | | |
| **ЛИЦЕ** | Ученикот е во училиштето. | Развој на физички и ментални капацитети, учење, внимание, самоконтрола, ангажирање во наставни и воннаставни активности, идентификување со наставникот и соучениците, припадност на паралелката... | Стекнување знаења и вештини, самодоверба, мотивираност, балансирани права и обврски... |

# Единица 1.2.:
## Личен професионален развој

Изработките дадени подолу го покажуваат првичното разбирање кои се децата и зошто се тие во ризик да бидат невклучени/исклучени како и улогата на наставникот како реализатор на промена. Нагласено е значењето на професионалниот развој на наставникот за инклузивно образование и компетенциите на инклузивниот наставник, а се вклучени и основните компетенции, компетенциите на наставникот-ментор и компетенциите на наставникот-советник во Република Македонија, а се однесуваат на подрачјето Социјална и образовна инклузија.

### Работата на наставникот-стр. 49 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

Коментар запишан од учесник на обуката за Модулот 1 и пример од училишна дисеминација:

> *„ ... И самите наставници не се свесни за моќта што ја поседуваат и секојдневно ја применуваат во креирање успешни инклузивни приказни. Да не се исплашиме дека не знаеме специфични стратегии за работа со деца што се ранливи на исклучување. Пресудно е користење сознанија од општата современа педагогија, а сè друго е помалку важно“.*

**Пример 2:**

Инклузивен наставник е оној што обезбедува соодветна поддршка за секој ученик! (Бура на идеи)

Соодветна поддршка е:

- користење современи пристапи и методи во работата со сите ученици;
- реализирање вонаставни, дополнителни и додатни активности;
- креирање стимулативна средина за учење, со соодветни алатки и во соодветно организиран простор;
- соработка/работа со стручни лица од училиштето и надвор од него (колеги, членови на ИТ, дефектолози, асистенти...) за подобра поддршка на У и личен професионален развој на Н, што ќе обезбеди континуиран квалитет на воспитно-образовниот процес;
- вклучување на семејството;
- индивидуализирана поддршка (ИОП, отстранување бариери);
- овозможување флексибилен временски престој, во зависност од индивидуалните можности на ученикот и условите во училиштето;
- обезбедување меѓуученичка поддршка.

## Предрасуди, стереотипи, дискриминација-стр. 53 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

**Изјава**: „Предрасудите и стереотипите функционираат како негативни леќи низ кои луѓето ги забележуваат другите што изгледаат, размислуваат или се однесуваат поинаку“ Хоган-Гарсија 2003.

**Пример 2:**

**Ефект пигмалион**: Очекувањата на наставниците може да бидат засновани на социјална категоризација и да влијаат врз постигнувањата на ученикот. Работата на Розентал и Јакобсен (Rosenthal and Jacobsen), меѓу другите, покажува дека очекувањата на наставникот влијаат врз изведбата на ученикот. Позитивните очекувања позитивно влијаат врз изведбата, а наегативните очекувања влијаат негативно.

**Пример 3:**

Филм „Крадец на колачиња“, линк: https://www.youtube.com/watch?v=vug4_UnfV90

**Пример 4:**



## Професионален развој на наставникот-стр. 54 од Прирачникот за инклузивно образование

КВАЛИТЕТНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВКЛУЧУВА КОМПЕТЕНТЕН НАСТАВНИК → КОМПЕТЕНТЕН НАСТАВНИК = ИНКЛУЗИВЕН НАСТАВНИК

Извадок од Правилникот за основните професионални компетенции на наставниците во основните и во средните училишта по подрачја, http://www.bro.gov.mk/

**ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ НА НАСТАВНИЦИТЕ**

### Социјална и образовна инклузија

| ОСНОВНИ КОМПЕТЕНЦИИ | |
|---|---|
| **А. Професионални знаења и разбирања** | 1. Познава различни концепти и модели за инклузивно образование.<br>2. Ги разбира социјалните и културните фактори и како тие влијаат врз образованието и како образованието придонесува за социјална кохезија.<br>3. Ги знае различните видови ученици на кои им е потребна дополнителна поддршка во образованието: посебни образовни потреби, тешкотии во учењето и недостатоци од социо-економски причини.<br>4. Ги знае конвенциите за правата на децата и за антидискриминација. |
| **Б. Професионални способности и вештини** | 1. Учествува во процесот на идентификација на специфичните образовни потреби заедно со стручната служба и користи различни методи за диференцијација и индивидуализација на наставата.<br>2. Учествува во тимови за изработка на индивидуални образовни планови.<br>3. Користи стратегии што промовираат почитување на разликите и демократските вредности.<br>4. Работи во училишни инклузивни тимови.<br>5. Дава подеднакви можности секое дете и семејство да учествуваат во наставните и воннаставните активности, без разлика на психофизичките способности, полот, етничкото потекло, културата, мајчиниот јазик, религијата, семејната структура, социјалниот и економскиот статус.<br>6. Ги подготвува учениците да ги прифатат децата од ранливите групи и децата со посебни образовни потреби. |

| | |
|---|---|
| **Примери на професионална практика** | 1. Изработува индивидуални образовни планови.<br>2. Ја планира наставата за целото одделение со почитување на индивидуалните разлики меѓу учениците.<br>3. При поучувањето користи инклузивни стратегии за учење и поучување.<br>4. Го следи и ги проценува постигањето и развојот на ученикот согласно со индивидуалните цели.<br>5. Вклучен е во инклузивните активности во училиштето.<br>6. Изработува план за работа и соработува со семејствата на децата на кои им е потребна дополнителна поддршка во образованието.<br>7. Заедно со учениците изработува наставни средства за инклузивна работа.<br>8. Ја адаптира училницата според индивидуалните потреби на учениците.<br>9. Ги вклучува семејствата и учениците во заеднички активности за почитување на различностите и интеркултурната интеграција.<br>10. Учествува во професионалната ориентација на учениците со посебни образовни потреби.<br>11. Континуирано соработува со стручните работници во училиштето за надминување на причините за ексклузија.<br>12. Реализира додатна и дополнителна настава.<br>13. Работи индивидуално со ученици на кои им е потребна помош. |

| **НАСТАВНИК-МЕНТОР** | |
|---|---|
| **Компетенција** | *Развива пристапи за градење на инклузивно училиште.* |
| **Примери на професионална практика** | 1. Работи на проекти и истражувања со и за децата со посебни образовни потреби, меѓуетничка интеграција и/или социо-економска инклузија во рамките на училиштето.<br>2. Им помага на колегите во изработката на индивидуални образовни програми, материјали и пристап.<br>3. Член е на тимот за училишна инклузија во училиштето.<br>4. Покренува иницијативи и презема активности различностите да бидат препознаени и почитувани на ниво на училиште и во пошироката заедница. |

| **НАСТАВНИК-СОВЕТНИК** | |
|---|---|
| **Компетенција** | *Придонесува за инклузија на учениците во пошироката заедница.* |
| **Примери на професионална практика** | 1. Презема активности на ниво на училиштето и пошироката заедница за ефективно надминување и елиминирање на материјалите, ситуациите и активностите што не промовираат еднаквост.<br>2. Предлага и презема активности за активно вклучување на учениците во животот и работата на локалната заедница, без разлика на нивните способности, потекло и социо-економска состојба.<br>3. Учествува во изработка на документи за подобрување на инклузивното образование на централно и на локално ниво. |

**Европска агенција** за развој на образованието за посебни потреби,
https://www.european-agency.org/sites/default/files/Profile-of-Inclusive-Teachers.pdf

| ПРОФИЛ НА ИНКЛУЗИВЕН НАСТАВНИК (ИН) | | |
|---|---|---|
| **Вредности на наставникот** | **Вреднување на различностите на учениците** | |
| **Подрачја на компетенции** | *Концепти на инклузивно образование (ИО)* | *Видување на наставниците за различностите на учениците* |
| **Ставовите и верувањата се однесуваат на** | ▸ Образованието е засновано на верувањата за еднаквост, човекови права и демократичност за сите ученици.<br>▸ ИО е во врска со реформите на општеството и за него нема отстапки.<br>▸ ИО и квалитетот во образованието се неразделиви.<br>▸ Само пристапот до ИО не е доволен, учеството значи дека сите ученици се вклучени во активностите на учење што имаат значење за нив. | ▸ Да се биде различен е нормално.<br>▸ Треба да се почитува, разбере и да се цени различноста на учениците како извор за збогатување на можностите за учење и како додадена вредност на училиштата, локалната заедница и општеството.<br>▸ Гласот на сите ученици треба да се слушне и да се почитува.<br>▸ Наставникот има клучно влијание врз самовреднувањето на ученикот и како последица на тоа на потенцијалот за учење.<br>▸ Категоризацијата и етикетирањето на учениците може да имаат негативно влијание врз можностите и способностите за учење. |
| **Основни знаења и разбирање за** | ▸ Теоретските и практичните концепти и принципи го поддржуваат ИО на локално и на глобално ниво.<br>▸ Образовниот систем, политиките и практиките влијаат врз ИО. Добрите и слабите страни на системот треба да бидат разбрани од наставниците.<br>▸ ИО е приод кон сите ученици, не само за оние за кои се смета дека се со посебни потреби или за кои има ризик дека ќе бидат исклучени од образовниот систем. | ▸ Знаењето за различностите на учениците (оние што произлегуваат од потребата за поддршка, културни разлики, социо-економски статус и сл.).<br>▸ Како да се користат учениците како извор на знаење/информации при учењето за нивните разлики и разликите на соучениците.<br>▸ Учениците учат на различни начини, и ова треба да се користи за да им се даде поддршка во учењето. |

| | | |
|---|---|---|
| | ▸ Јазикот/терминологијата на инклузијата и различностите, како и последиците од користење различна терминологија за да се опише, означи и категоризира ученикот.<br>▸ ИО како присуство (пристап до образование), учество (квалитет на наставата) и постигања( учењето и очекуваните резултати) за сите ученици. | ▸ Училиштето е заедница и социјално окружување што влијае врз сопственото вреднување и потенцијалите за учење.<br>▸ Популацијата во училиштата и училниците постојано се менува, различноста не може да се третира како статистички концепт. |
| **Вештини и способности што треба да бидат развиени за** | ▸ Критичко преиспитување на сопствените верувања и ставови, како и нивното влијание врз сопственото однесување.<br>▸ Постојано практикување етичност и почитување.<br>▸ Способност за навраќање на образовното минато за да се разбере сегашната ситуација и условите.<br>▸ Прифаќање стратегии што ги подготвуваат наставниците за да надминат неинклузивни однесувања и да работат во сегрегирани ситуации.<br>▸ Емпатичност кон различните потреби на учениците.<br>▸ Да бидат пример за почитувањето на социјалните релации и користење соодветен јазик со учениците и сите вклучени во образованието. | ▸ Учење како да се учи од разликите.<br>▸ Идентификување на најсоодветен начин да се одговори на различноста во различни ситуации.<br>▸ Вклучување на различноста во реализација на наставната програма.<br>▸ Придонесување во развојот на училиштето како заедница што ги почитува, поттикнува и ги прославува постигањата на сите ученици. |

| Вредности на наставникот | Поддршка на сите ученици | |
|---|---|---|
| **Подрачја на компетенции** | *Промовирање на академско, практично, социјално и емоционално учење на сите ученици* | *Ефективни приоди на наставата во хетерогени паралелки* |
| **Ставовите и верувањата се однесуваат на** | ▸ Учењето е во основа социјална активност.<br>▸ Академското, практичното, социјалното и емоционалното учење е еднакво важно за сите ученици.<br>▸ Очекувањата на наставниците се клучен елемент за успехот на учениците и затоа е важно да се има високи очекувања од сите ученици.<br>▸ Сите ученици треба да бидат активни во донесување на одлуки за сопственото учење и оценување.<br>▸ Родителите/фамилијата се најбитен фактор за учењето на ученикот.<br>▸ Развој на самостојност и самоопределување е важно за секој ученик.<br>▸ Капацитетот и потенцијалот за учење на секој ученик треба да биде откриен и стимулиран. | ▸ Ефективните наставници се наставници на сите ученици.<br>▸ Наставниците се одговорни за водење на учењето на сите ученици во паралелката.<br>▸ Способностите на учениците не се фиксни, сите ученици имаат потенцијал да учат и да се развиваат.<br>▸ Учењето е процес и целта е кај учениците да се развијат вештини за учење,а не само знаење на содржината на предметите што се учат.<br>▸ Процесот на учење главно е ист за сите ученици има многу малку специфики и посебни техники.<br>▸ Во некои случаи, некој вид тешкотии во учењето бараат реакции и приспособувања на наставните програми и приодите во поучувањето. |



| | | |
|---|---|---|
| **Основни знаења и разбирање за** | ▸ Важноста на соработката со родителите.<br>▸ Развојните шеми на типичен и атипичен развој на детето, посебно во однос на социјалните и комуникациските вештини.<br>▸ Различните модели на учење и приоди што може да се користат при учењето на учениците. | ▸ Начините на кои учат учениците и моделите на поучување што го поддржуваат процесот на учење.<br>▸ Приодите за позитивно однесување и менаџмент во училницата.<br>▸ Организирањето на физичко и социјално окружување во училниците и поддршка на учењето.<br>▸ Начините за откривање и надминување на различни бариери за учењето и последиците од ова врз приодите кон учењето.<br>▸ Развојот на основните вештини посебно клучните компетенции, заедно со соодветни приоди кон поучувањето и оценувањето.<br>▸ Формативното оценување насочено кон идентификување и зајакнување на учениците.<br>▸ Диференцијација на содржините за учење, процесите при учењето и материјалите за настава да бидат соодветни на различните потреби на учениците.<br>▸ Приодите за индивидуална настава за сите ученици што го поддржуваат развојот на автономијата/спецификата во нивното учење.<br>▸ Развојот и воведувањето на ефективни ИОП или слични индивидуални програми кога тоа е потребно и соодветно. |

| | | |
|---|---|---|
| **Вештини и способности што треба да бидат развиени за** | ▸ Ефективни вербални и невербални комуникациски вештини за да може да одговори на различните потреби за комуникација на учениците, родителите и колегите.<br>▸ Поддршка на развојот на комуникациските вештини и можности на учениците.<br>▸ Проценување, а потоа и развој на вештините за учење на учениците.<br>▸ Развој на независност и автономија кај учениците.<br>▸ Фасилитирање на кооперативни приоди во учењето.<br>▸ Воведување и менаџирање на позитивно однесување што го поддржува социјалниот развој и интеракција на учениците.<br>▸ Фасилитирање ситуации на учење каде што учениците можат да преземаат „ризици“, па дури и да прават грешки, но во безбедна средина за учење.<br>▸ Користење формативно оценување каде што се земаат предвид не само академските постигања туку и социјалните и емоционалните постигања. | ▸ Владеење со вештини за менаџмент во училница што вклучува систематски приоди во обезбедување позитивна атмосфера.<br>▸ Индивидуално работење со ученици и со хетерогени групи.<br>▸ Користење на наставните програми како алатка за инклузивност што го поддржува пристапот до образование.<br>▸ Вклучување на различноста при изготвување на наставните програми.<br>▸ Диференцирање на методите, содржините и очекуваните резултати од учењето.<br>▸ Работење со учениците и нивните фамилии во индивидуализација на учењето и поставените цели.<br>▸ Користење кооперативно учење каде што учениците си помагаат меѓусебе на различни начини, вклучувајќи заемно туторство во рамки на флексибилно групирање на учениците.<br>▸ Користење различни методи, форми, техники на систематски и осознаен начин.<br>▸ Користење адаптивна и асистивна технологија и ИКТ за поддршка на учењето.<br>▸ Користење приоди во наставата врз основа на докази за постигање на целите, алтернативни патеки на поучување, флексибилно поучување и користење јасна повратна информација.<br>▸ Користење формативно и сумативно оценување што го поддржува учењето место да ги етикетира учениците или да води кон негативни последици врз учениците.<br>▸ Вклучување на сите ученици во заедничко решавање проблеми. |

| **Вредности на наставникот** | **Работа со другите** | |
|---|---|---|
| **Подрачја на компетенции** | *Работа со родителите и фамилиите* | *Работа со други стручњаци во образованието* |
| **Ставовите и верувањата се однесуваат на** | ▸ Свесност за вредноста на соработката со родителите и семејствата.<br>▸ Почитување на културното и социјалното потекло и можностите на родителите и семејствата.<br>▸ Сфаќање на ефективна комуникација и соработка со родителите и семејствата како одговорност на наставникот. | ▸ Инклузивното образование бара сите наставници да работат тимски.<br>▸ Соработката, партнерството и тимската работа се од суштинско значење како приод во работењето пристапи за сите наставници.<br>▸ Соработката во тимската работа овозможува професионална надградба. |
| **Основни знаења и разбирање за** | ▸ Инклузивното поучување како основа за колаборативно учење.<br>▸ Важноста на вештината за воспоставување позитивни меѓучовечки односи.<br>▸ Влијанието на личните односи врз остварувањето на целите на учење. | ▸ Вредноста и придобивките на заедничката работа со другите наставници и професионалци во образованието.<br>▸ Системите за поддршка што се на располагање за понатамошна помош, за информирање и совети.<br>▸ Мултиорганизацискиот модел на работа каде што наставниците во инклузивната училници соработуваат со други професионалци со различна експертиза.<br>▸ Наставните приоди на соработка, каде што наставниците во работата ги вклучуваат самите ученици, нивните родители, соучениците, другите наставници и стручната служба, како и други експерти од други подрачја (социјални работници, лекари...).<br>▸ Јазикот/терминологијата и основните концепти и гледања на другите професионалци што се поврзани/засегнати со инклузивното образование.<br>▸ Моќта на поврзаноста меѓу различните засегнати страни што треба да биде земена предвид и<br>▸ ефикасно да се користи. |

| | | |
|---|---|---|
| **Вештини и способности што треба да бидат развиени за** | ▸ Ефикасно ангажирање на родителите и семејствата во поддршка на учењето на нивните деца.<br>▸ Ефикасно комуницирање со родителите и семејството од различно културно, етничко, јазично и од социјално потекло. | ▸ Користење лидерски вештини и менаџмент на училница со кои се олеснува ефективната соработка кога се користи мултиорганизациски модел на работење.<br>▸ Конастава и работење во флексибилни наставни тимови.<br>▸ Работење како дел од училишната заедница и црпење поддршка од внатрешни и надворешни ресурси.<br>▸ Градење на одделенска заедница, која е дел од поширокота училишна заедница.<br>▸ Придонесување во евалуацијата и развојните процеси за целото училиште.<br>▸ Заедничко решавање проблеми.<br>▸ Придонесување за поширокo партнерство на училиштето со други училишта, организации во заедницата и други образовни институции. |



| Вредности на наставникот | Личен професионален развој поучувањето е активност на учење и наставниците се одговорни за сопственото доживотно учење | |
|---|---|---|
| **Подрачја на компетенции** | *Наставниците како рефлективни практичари* | *Иницијална подготовка на наставниците како основа за континуирано професионално учење и развој* |
| **Ставовите и верувањата се однесуваат на** | ▸ Наставата е активно решавање проблеми што бара постојано и систематско планирање, рефлексија и потоа модифицирана акција.<br>▸ Рефлективната практика им помага на наставниците ефективно да работат со родителите, како и во тимови со други наставници и професионалци што работат во и надвор од училиштето.<br>▸ Важноста на практиката базирана на докази како водич во работата на наставниците.<br>▸ Вреднувањето на важноста на развојот на сопствените приоди во наставата. | ▸ Наставниците имаат одговорност за сопствениот континуиран професионален развој.<br>▸ Иницијалното образование на наставниците е првиот чекор во нивното професионално доживотно учење.<br>▸ Наставата е активност на учење, да се биде отворен за учење на нови вештини и барање информации и совети е добро не е слабост.<br>▸ Наставникот не може да биде експерт за сите прашања поврзани со инклузивното образование. Основните знаења на оние што се почетници во инклузивното образование се битни, но континуираното учење е од суштинско значење.<br>▸ Инклузивното образование постојано се менува и се развива и наставниците имаат потреба од вештини да управуваат и да одговорат на изменетите потреби и барања во текот на нивната кариера. |

| | | |
|---|---|---|
| **Основни знаења и разбирање за** | ▸ Личните метакогнитивни вештини за учење.<br>▸ Што е она што го прави рефлективен практичар и како саморефлексијата може да биде развиена.<br>▸ Методите и стратегиите за оценување на сопствената работа.<br>▸ Методите за акциски истражувања и нивната соодветност во работата на наставниците.<br>▸ Развојот на лични стратегии за решавање на проблеми. | ▸ Разбирање на законот за образование, нивните одговорности и должности кон учениците, нивните семејства, колегите и професијата наставник како правен контекст во чии рамки тие работат.<br>▸ Можностите и правците за понатамошниот развој на образованието на наставниците, со цел да се развијат знаења и вештини за подобрување на сопствените инклузивни практики. |
| **Вештини и способности што треба да бидат развиени за** | ▸ Систематско оценување на сопствената работа.<br>▸ Ефикасно вклучување на други во рефлексијата за наставата и учењето.<br>▸ Придонес за развојот на училиштето како заедница што учи. | ▸ Флексибилност во наставните стратегии што промовираат иновации и лично учење.<br>▸ Прифаќање стратегии за управување со времето што ќе помогнат да се обезбеди простор и можности за професионален развој.<br>▸ Отвореност и проактивност за користење на колеги и други професионалци како извори на учење и инспирација.<br>▸ Придонес за учењето и развојот на целото училиште како заедница што учи. |

## Единица 1.3.:
## Вреднување на различноста на учениците

Примерите во оваа единица го покажуваат разбирањето на наставниците од различни училишта за циклусот на обесправување и циклусот на зајакнување, кој поаѓа од почитувањето на човековите права при вреднување на различноста на учениците. Во повеќето примери се користи циклусот на решавање проблеми.

### Циклус на обесправување-стр. 60 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

Нашето поединечно дејствување формира и одржува еден **СИСТЕМ НА УГНЕТУВАЊЕ** што изготвува политики, средини и структури кои ги исклучуваат различните групи. **Децата се раѓаат со ова и кругот повторно започнува.**

Како дете: го прифаќаме она што го наоѓаме и она што луѓето ни го кажуваат (за жените, етничките групи, лицата со посебни потреби.). Пр. жените не можат да учат, одредени етнички заедници се 'мрзеливи', лицата со посебни потреби 'не можат ништо да направат', така што ова доведува до **СТЕРЕОТИПИ.**

Како младинци: гледаме наоколу и бараме 'доказ' дека нашите стереотипи се вистинити; жените не знаат да читаат, луѓето од етничките заедници се невработени, лицата со посебни потреби просат. Ова создава **ПРЕДРАСУДИ.**

Како возрасни: развиваме верувања врз основа на нашите предрасуди и започнуваме да **дејствуваме** според овие верувања. Пр. ги попречуваме женските деца да одат на училиште, навредуваме други луѓе од други етнички групи, ги избегнуваме лицата со посебни потреби и нивните семејства. Кога дејствуваме според нашите верувања, ние правиме **ДИСКРИМИНАЦИЈА.**

Кругот започнува во детството. Како деца многу лесно го прифаќаме она што ни го кажуваат најблиските и она што постојано го гледаме во семејниот модел на функционирање.

Како што растеме, сè повеќе ни значат врсниците, но не случајно сме во групите на кои им припаѓаме. Нашите семејства ни го дале патоказот. Меѓу нашите врсници бираме такви што ни ги потврдуваат веќе видените, научени и мапирани обрасци.

Како возрасни го заокружуваме сопствениот модел на функционирање. Така живееме, така се однесуваме и тоа им го покажуваме на нашите деца.

Децата учат од нас, како што ние сме учеле од нашите родители и другите важни возрасни од нашето окружување. Кружната патека продолжува на истиот начин.

Можеби тоа ќе биде патека на хуманост, емпатија, инклузија... но, не е секогаш така. Понекогаш тоа е циклусот на стереотипи, предрасуди и дискриминација. Тоа е всушност циклусот на угнетување. Еве како функционира преку еден едноставен пример.

Како деца, на пример, учиме дека оние што не припаѓаат на нашата, туку на друга етничка група се лоши, безбожници, насилници, терористи... Тоа се стереотипи.

Како младинци, насекаде околу нас бараме потврда за научените стереотипи и „гледаме" докази дека се вистини. Секое случување поврзано со луѓето од друга етничка група го боиме со страв, недоверба осуда... Тоа се предрасуди.

Како возрасни, градиме верувања засновани врз нашите предрасуди, започнуваме да дејствуваме според нив, да учествуваме во креирањето и одржувањето на еден систем на угнетување, кој функционира со исклучување на различната етничка група.... Тоа е дискриминација.

Со раѓањето на некои нови деца, повторно продолжува кружната патека.

Ете, така функционира циклусот на угнетување на различните од нас, а различни секогаш ќе има, како што и ние за некого сме различни. Не е важно по што.

**Пример 2:**

**Како функционира циклусот на обесправување?**

1. Разликата е идентификувана или забележана (раса, пол, способност, возраст...) гледање на другите стереотип.
2. Се јавува негативен полнеж, се стекнуваат негативни искуства размислување за другите –предрасуда.
3. Негативните искуства се генерализираат и ја опфаќаат целата група размислување и планирање дејства дискриминација.
4. Генерализацијата е засилена со пријатели, семејство или институции отворени или прикриени дејства обесправување.
5. Се оправдува неправедниот третман влијание врз членот надвор од групата интернализирано обесправување.
6. Овој неправеден третман често се институционализира оние во групата имаат институционална моќ.

## Циклус на зајакнување-стр. 63 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**




Децата се осипуваат

Колку ученици има во септември? Колку ученици има на тримесечје? Број, пол, возраст?

Каква е фактичката состојба? Вина? Поради немање финансиски средства!? Без разлика на пол и возраст. Соработка со МВР и ДПИ.

Соработка со НО, општината, родителите. Хуманитарни акции во училиштето и локалната заедница, донации. Теренски посети.

Работилници, продажни саеми, хуманитарни акции, бесплатна ужинка за учениците.

Колку ученици има во моментот? На кое ниво е соработката со МВР, општината, ЦСР? Колку ученици се вратени?

**Пример 2**




Sikljovibe e dajakere čhibjake thaj kultura (e Romenge, Vlasenge hem Bošnjanenge)

Ankete, pučljarine, intervju (siklencar, biandutne, lokalnikano maškaripe)

Khedipe e andolikanengere rezultatija taro andolikanengere pučiba

Butjarline, debate, tribine

Direktori, strukakere sombutjarne, sikavne, familije, biradjakoro sektori

Gendo e siklengoro kova alosargjen te sikjloven e dajakiri čhib.

## Единица 1.4.:
# Поддршка на сите ученици

Во оваа единица се дадени изработки коишто преку моделот Теорија на активност го покажуваат разбирањето на состојбите на учење, разбирање на учењето како резултат на учеството, а не само како постигнување, како и важноста на средината, условите, материјалите, процедурите, стандардите за учење, како и системите за поддршка на секое дете.

### Модел на теоријата на активност-стр. 67 од Прирачникот за инклузивно образование

**КАКО?**
Со комуникација.

**КОЈ?**
Наставник/
наставници.

**КАДЕ?**
Училиште:
- Наставничка канцеларија.
- Училница.
- Училиштен двор.

**ЗА ШТО?**
- Квалитетно учење.
- Размена на информации.
- Споделување искуства.
- Заедничко планирање на В-О процес.
- Наоѓање решение за конкретен проблем (ситуација).

**НАМЕРА**
Инклузивен наставник.
↓
Квалитетно учење.
↓
Инклузивно училиште.



# *Единица 1.5.:* Работење со другите

Изработките вклучени во оваа единица го покажуваат разбирањето на важноста на соработката и вклученоста на колегите, учениците, родителите или поширокaта заедницата што помага кон идентификување на проблемите и наоѓање решенија. Во наоѓањето соодветни решенија помага и создавањето на училишна визија за инклузивно образование, а тука се вклучени и визиите на училиштата.

## Соработка со семејствата и заедницата-стр. 75 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

**Зошто деца со иста дијагноза различно функционираат?** (Мисловна мапа од училишна дисеминација)




За да го поддржиме развојот на детските потенцијали и резилиенции, бараме ресурси во семејствата и училиштата!

**Пример 2:**

**Како да ги надминуваме проблемите во училиштата?**

| ПРОБЛЕМИ | Промовирање на квалитетно образование и подобрување на училиштето → | РЕШЕНИЈА |
|---|---|---|
| Неквалитетна настава: премногу строги наставници; слаб квалитет/квантитет на наставата; неодговарање на потребите на децата. | | Локалната заедница инвестирања во обука и поддршка на наставниците за да станат рефлексивни стручни лица, тимски работници ориентирани кон децата. |
| Пасивни деца – не се охрабруваат во активното учење; премногу ученици; многу од нив се исклучени; отпишани. | | Развој на силни врски помеѓу училиштето, домовите и заедниците, преку користење на партиципативни методи. Поддршка на граѓанското општество. |
| Описменувањето и основните вештини не се адекватно научени. | | Промовирање на училиште по мерка на детето, методологија ориентирана кон децата и активното учење. Вклучување на децата во изнаоѓање решенија. |
| Училиштето не е релевантно за животот во заедницата – не е поврзано со вистинските потреби. | | Користење на пристапот дете на дете. |
| Цврсти и несоодветни системи наметнати и наследни од минатото. | | Создавање на флексибилни системи што можат да се приспособат кон промената и да се справуваат со неа, со широка поддршка од мрежи. Приспособување на системот кон детето, а не на детето кон системот. |
| Не може да се одговори на современите притисоци: конфликти, ситуации со бегалци, зголемување на јазот помеѓу богатите/сиромашните, ХИВ/СИДА. | | Учење од успешните неформални/формални образовни процеси. Создавање на соодветни наставни програми за потребите на заедницата. |
| Слаб квалитет и недостиг на физичка инфраструктура, згради, вода и санитарни услови, несигурна и нездрава средина. | | Вклучување на заедници, локални НВО и влади за подобрување и создавање на дополнителна инфраструктура, правејќи ги санитарните простории безбедни, чисти, достапни и лични; подобрување на осветлувањето и местата за седење. |
| Преоптоварени, застарени наставни планови и програми. | | Позитивен одговор кон различностите: пол; попреченост; лингвистички, етнички, здравствен и општествен статус. |
| Постоење одредени групи и поединци што не учат или не учествуваат. | | |

## Тимска работа во училиштата-стр. 77. од Прирачникот за инклузивно образование

| Пречка | Како да се справите? | Кој да се вклучи и што да прави? | Како тимската работа може да понуди поефективен пристап за решавање на пречките? |
|---|---|---|---|
| Немање компетенции за работа во инклузивна училница<br>Отпор на наставниците кон ИО | Барање стручна помош, организирање обуки, набљудување на отворени часови, споделување на искуства (добра практика), мотивација за наставниците, обезбедување стручна литература. | Менаџментот на училиштето, стручна служба, наставници, родители, локална заедница, МОН, БРО, УНИЦЕФ, факултети, центри за социјална работа. Да се спроведуваат обуки, разговори/ советување, размена на искуства, финансиска поддршка. | Обезбедува: информации, координација и комуникација, застапување на училиштето, дисеминација. |
| Родителите не ја прифаќаат состојбата на своето дете | Советување и разговори, вклучување во образовниот процес партнерство, едукација на родителите. | | |



## Училишни визии за градење континуиран инклузивен процес во училиштата-стр. 78 и 79 од Прирачникот за инклузивно образование

**Примери:**

| | | |
|---|---|---|
| „Инклузивното образование е право, а не проблем, бидејќи сите деца, без оглед на разликите и потеклото,треба да имаат еднаков пристап во образовниот систем и квалитетното образование“. | „Сакаме нашето училиште да биде пријатна средина во која учениците ќе доаѓаат со задоволство, бидејќи ќе им нудиме современа настава приспособена на нивните индивидуални потреби и интереси“. | „Еднаков третман за сите, почитување на разликите кај сите деца, овозможување на образовните структури, системи и методи да ги задоволат потребите на сите деца и динамичен процес кој постојано се развива“. |
| „Ние посакуваме учениците од сите национални групи среќно да го поминуваат времето во нашето училиште. Тоа ќе го постигнеме со адекватна работа, со продлабочување на меѓусебното почитување и почитувањето кон сите без разлика на етничката, верската или половата припадност“. | „Да му се овозможи на секое дете да биде примено и прифатено во наставните и воннаставните активности на училиштето. Да се постигне позитивна училишна клима во која секое дете би се чувствувало пријатно, прифатено од околината; слободно за да ги истакне своите индивидуални способности, права и потреби и вреднувано за сите негови постигнувања“. | „Нашето училиште ќе им посака добредојде на сите ученици во средина што ќе го поттикнува нивниот интерес за учење, согласно со нивните можности и способности, ќе ги почитува нивните различности и ќе им овозможи да напредуваат со секој нареден ден“. |
| „Се стремиме кон училиште коешто е во чекор со сите опшествени промени. Сите ученици да бидат еднакви и да имаат можност да ги задоволат своите образовни потреби“. | „Да создадеме средина со современ стил на учење и комуникација, преку која учениците ќе зачекорат во својата иднина како успешни, здрави општествени личности“. | „Отворени врати на училиштето, отворени срца на наставниците за сите деца“. |

**ВИЗИЈА**:

Одличен кадар, мотивирани ученици и партиципативни семејства што работат заедно за да обезбедат квалитетно образование.

**МИСИЈА:**

Да обезбедиме среќна, здрава, домашна, сигурна, но сепак предизвикувачка средина за учење; да го развиваме вкупниот потенцијал на ученикот академски, културен, социјален и физички; да градиме жив, рефлексивен и посветен колектив; да охрабруваме посветена семејна поддршка и вклученост; постојано да го подобруваме обемот и квалитетот на наставните и вonнаставните активности; да развиваме соработка и одговорност меѓу сите заинтересирани страни, вклучувајќи ја поширокaта заедница; да ја подигнеме свеста на наставниците, техничкиот персонал, родителите и сите други коишто се вклучени во училишната заедница за важноста на секој поединец во менување на односот кон животната средина.

**ВРЕДНОСТИ:**

Веруваме во секој поединец. Свесни сме дека секое дете е уникатно и важно. Затоа со децата градиме позитивни односи и ги почитуваме, ги поттикнуваме да се спознаат себе си нивните предности, предизвици, стил на учење, култура и интереси. Развиваме динамична, предизвикувачка средина за учење во која децата можат да го развијат својот целосен потенцијал социјално, емотивно, креативно, интелектуално и физички. Ја будиме љубовта за учење. Создаваме една интегрирана, осмислена програма во која децата можат да истражуваат и да експериментираат преку лично искуство. На децата им даваме можност да ги следат своите интереси и размислувања, да прават избор и да преземат одговорност за сопственото учење. Ние охрабруваме љубопитност, имагинација и креативност.

Ги разбираме децата и детството. Користиме методи на поучување што одговараат на фазите на детството. Квалификувани сме во набљудувањето деца и користење на различни пристапи за вклученост на секое дете. Промовираме одговорност за нашата животна средина и општествена заедница. Обезбедуваме сигурна, грижлива заедница во која постои меѓусебно почитување. Кај нашите ученици негуваме и всадуваме способност и желба да бидат одговорни и да придонесуваат за светот. Ја цениме искреноста, сочувството и храброста. Ја почитуваме различноста. Кај учениците развиваме разбирање за сличностите и разликите кај луѓето и способноста да се донесат општествено одговорни одлуки. Охрабруваме флексибилност, снаодливост, критичко размислување и комуникација. Гледаме на образованието како партнерство помеѓу родителите, наставниците и учениците. Активно ги вклучуваме родителите во образованието на нивните деца и животот на училиштето. Промовираме континуиран професионален и личен развој на нашите вработени. Наставниците, родителите и целата училишна заедница се вклучени во препознавањето на нашата мисија. Она што го знаеме за децата и за нивното образование го споделуваме со другите.



# Модул 2: Работење заедно за создавање инклузивни училишта



# 2

Содржините во овој додаток на Модулот 2 насочуваат кон поврзувања што го поттикнувааат инклузивното образование во училиштата и во заедниците. Тука се користат моделите на комуникација во сопствените училишта, можниот недостиг од вистинска поврзаност со колегите и со семејствата, како и со последиците од таквите практики.

## Единица 2.1.: Комуникација за градење врски

Изработките вклучени во оваа единица даваат примери на разбирањето на важноста на комуникацијата во меѓучовечките односи, а таа важност е претставена и во создавањето на мапи на професионални врски во училиштата што се насочени кон соработка.

### Слушни ме! стр. 84 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

Стара, народна, поучна приказна

Дедото на својот внук му раскажува животна приказна:

– „Во душата на секој човек се води битка. Како битка помеѓу два волка. Едниот волк го претставува злото, бесот, зависта, љубомората, лакомоста, дрскоста, самосожалувањето, гревот, лагата, лажната гордост, егоизмот. Другиот волк го претставува доброто, она што дава задоволство, мир, љубов, надеж, ведрина, смиреност, љубезност, добрина, срдечност, дарежливост, вистина, милост, вера“.

Внукот се замислил и прашал:

– „Кој волк на крајот победува?“

Дедото се насмеал и одговорил:

– „Секогаш победува оној волк што го храниш“.

**Комуникацијата е една од најважните вештини што води до успех или неуспех, до добри или лоши односи. Затоа, многу е важно правилно да комуницираме со другите луѓе. Сепак, постои еден аспект на комуникацијата што се занемарува, а тој аспект е активното слушање на другите луѓе. Да се биде добар слушател не значи само да слушате и да климате со главата во знак на согласување, туку вистински да му посветите внимание на она што го кажува личноста.**

**Пример 2:**

**СЛУШАТЕЛ**

| ДОБАР | ЛОШ |
|---|---|
| Активен е. | Пасивен е. |
| Гледа во соговорникот. | Не одржува контакт со очи. |
| Применува позитивна невербална комуникација. | Несоодветна невербална комуникација. |
| Емпатија. | Не покажува емпатија. |
| Не прекинува соговорник, не упаѓа во збор. | Прекинува соговорник, упаѓа во збор. |
| Присутен со мислите. | Одвлекува внимание. |
| Дава повратна информација | Дава лоша повратна информација. |
| Без навредливи коментари. | Дава несоодветни примери. |
| Внимава. | Презема улога. |




***Какво е чувството кога другиот не ме слуша?*** Искуство коешто родителите и децата често пати го доживуваат кога комуницираат со наставниците и другите професионалци.

**Комуникацијата со разбирање и почит е клучна во борбата против дискриминацијата.**

## Студија на случај: Билјана и нејзините родители - стр. 86 од Прирачникот за инклузивно образование (во Прирачникот е даден случајот на Флорика)

Таа тргна во прво одделение. Нејзиното семејство само што се врати од Словенија. Дојдоа во Македонија точно навреме, да учи на мајчин јазик.

Првиот училиштен ден беше неочекувано непријатен. Децата се познаваа од забавиште и никој не сакаше да седне до неа. Наставничката се обиде да интервенира, па ја стави до едно девојче. Таа сакаше нешто да каже, но навистина многу неразбирливо. Девојчето почна да плаче и побара да седне до другарчињата што ги познава. Остана сама.

Се редеа денови, а таа ретко се обидуваше да комуницира со соучениците и наставничката. Ситуацијата секојдневно се влошуваше.

Наставничката немаше трпение. Си мислеше колку е тешко да работиш со првачиња, па уште и да му даваш поддршка на некој што само молчи и ништо не разбира. Девојчето воопшто не напредуваше. Нејзината мајка, обична домаќинка, немаше идеја колку е сериозна ситуацијата и не беше од никаква корист. Згора на сè, не умееше ни соодветно да ја облече.

При крајот од првото полугодие, наставничката му се обрати на директорот и му објасни дека таа е ученичка што не смее веќе да губи време и најдобро ќе биде да ја запишат во специјално училиште. Директорот ѝ рече веднаш да ги прати родителите кај него.

Дојде мајката и кажа дека таткото е службено отсутен. Беше многу вознемирена. Објасни дека девојчето дома комуницира со сите членови на семејството, единствен проблем е што понекогаш меша македонски и словенечки. Директорот не ѝ веруваше. Не му беше првпат да се убедува со родител, кој сака да го заштити своето дете. По кусото распрашување за некои основни податоци во врска со семејната ситуација, ја извести мајката дека немаат време за губење и во интерес на детето е да го продолжи образованието онаму каде што ќе можат стручно да ѝ помогнат, соочувајќи се со попреченоста.

Мајката побара да разговара со наставничката...

**Каква е комуникацијата со родителот?**

**Каква е комуникацијата со ученикот?**

**Пример 1:**

| **Протокол за разговор со родителот/старателот и детето** | |
|---|---|
| **При уписот на детето во училиштето, од особена важност се информациите за детето добиени од родителот/старателот, детето, др. установи (градинка, училиште, здравствена установа и сл.).** | |
| **При тоа е нужен позитивен иницијален контакт (насмевка, воведен разговор, отворени прашања за запознавање со детето).** | |
| **Покрај основните податоци, потребно е стручните работници да се запознаат со потребите на детето и како родителот го гледа своето дете во воспитно-образовниот процес.** | |
| Колку членови брои вашето семејство? | Дали детето е институционално категоризирано? |
| Кое дете е по ред? | Самостојност на детето (само или со помош). |
| Образование на родителите. | Начин на исхрана (само или со помош). |
| Социјален статус на родителите. | Моторичка развиеност. |
| Услови за домување. | Степен на предзнаења (букви, броеви, распознавање бои). |
| Кој води грижа за детето? (дедо/баба, мајка, градинка/институција). | Режим на денот на детето (дневна рутина). |
| Стекнати/нестекнати хигиенски навики. | Социјализација (со др. деца во средината каде што живее или познати во одделението). |

**Пример 2:**

| Протокол за разговор со детето и со родителот/старателот | |
|---|---|
| Како се викаш? | Колку години имаш? |
| На која адреса живееш? | Што си по националност? |
| Дали имаш посетувано градинка и колку време? | Дали живееш со двајцата родители? |
| Колку членови има твоето семејство? | Професија и образование на родителите? |
| Кое дете е по ред? | Дали детето лесно се навикнува на нова средина? |
| Прашања за општи познавања на детето | |

| | | |
|---|---|---|
| Бои? | Броеви? | Годишни времиња? |
| Домашни и диви животни? | Омилено овошје и зеленчук? | Кои се членови на семејството? |
| Препознавање на пари. | Сообраќајни средства. | Цртање цртеж. |
| Песна или приказна. | Опис на еден негов ден. | Подавање топка. |
| Како очекува да изгледа еден училиштен ден. | Дали сака да седи со момче или девојче. | Каква боја на ранец ќе ти купат? |



**Пример 3:**

**Формулар за податоци за ученикот**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име | | Религија | |
| Татково име | | Крвна група | |
| Презиме | | Мајчин јазик | |
| Датум на раѓање | | Адреса | |
| Место на раѓање | | Место на живеење (општина) | |
| Матичен број | | Домашен телефон | |
| Пол | | Мобилен телефон | |
| Етничка припадност | | Електронска адреса | |

(Засенчените полиња се потребни за подобро функционирање, но не е задолжително нивното пополнување.)

Посебни образовни потреби:

☐ – визуелна попреченост;

☐ – глувонемост;

☐ – физичка попреченост;

☐ – интелектуална попреченост;

☐ – комбинирана попреченост;

☐ – даунов синдром;

☐ – аутизам;

☐ – друго: ______________________________

______________________________

Родителите/старателите се ☐ / не се ☐ согласни ученикот да биде фотографиран за потребите на базата на податоци.

(Податоците ќе бидат искористени од страна на одделенски раководител; педагог; психолог; администратор за ЕМИС; училиштен тим за инклузија; училишна комисија за заштита на здравјето на учениците; училиштен тим за спречување насилство во училиштето.)

Дополнителни информации за ученикот (ги внесува родител/старател):

| |
|---|
| |

Формулар за родители/старатели:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Тип на семејна поврзаност | Татко | Мајка | Старател | Религија | |
| | Заокружи ја соодветната поврзаност | | | | |
| Име | | | | Адреса | |
| Презиме | | | | Место на живеење (општина) | |
| Датум на раѓање | | | | Домашен телефон | |
| Место на раѓање | | | | Мобилен телефон | |
| Матичен број | | | | Електронска адреса | |
| Пол | | | | Степен на образование | |
| Етничка припадност | | | | Потпис | |

(Засенчените полиња се потребни за подобро функционирање, но не е задолжително нивното пополнување.)

Одделенски раководител на ученикот

______________________________________________

(име, презиме и потпис)

**Пример 4:**

| **Формулар за податоци за ученикот** | | |
|---|---|---|
| **Општи податоци** | Име и презиме:<br>Пол:<br>Датум и место на раѓање:<br>Адреса и место на живеење:<br>Телефон за контакт: | Мајчин јазик:<br>Националност:<br>Државјанство:<br>Културолошки особености: |
| **Социјален статус** | Име и презиме на родителите:<br>Датум и место на раѓање на родителите:<br>Образование и професија на родителите: | Телефон за контакт:<br>Електронска пошта: |
| **Здравствена состојба** | Раѓање:<br>Крвна група:<br>Вакцини:<br>Алергии: | Исхрана:<br>Систематски прегледи:<br>Хронични заболувања:<br>Оперативни зафати: |
| **Постигнувања, резултати** | Знаења:<br>Можности:<br>Интереси: | |
| **Социјализација** | Однесување со врсници: | Соработка во група: |
| **Препорачани услуги** | | |
| **Воннаставни активности** | Интерес:<br>Хоби: | |

## Мапа на соработка-стр. 88 од Прирачникот за инклузивно образование

**Примери:**

Мапирање на професионалните врски во насока на создавање на инклузивна средина:
**Што е добра практика?**
**Кој е во фокусот?**




родители
ученици
Наставник
библиотекар
стручна служба
директор
МВР


МАПА НА СОРАБОТКА
МВР
Родители
Директор


наставници (активи, типови)
ученици
родители
директор
стручни соработ
техничка служба
SOS - детско село
ЦСР
ЗМЗ
МОН
БРО
општина
ДПИ

## Анализа на врските-стр. 90 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**



**Пример 2:**

**Врска наставник дефектолог**

**Зошто?**

Размена на информации за поквалитетно учење.

Разрешување конкретен проблем за ученик.

Подготовка на ИОП.

Ревидирање на ИОП.

**Главна тема?**

Однесување на ученикот/учениците.

Организација на времето.

Усвојување знаења.

Подобрување на концентрацијата на учениците.

Распоред на седење на учениците во училницата.

Заеднички методи, техники и стратегии на учење.

**Методи?**

Секојдневни средби и состаноци.




**Каде?**

Работна просторија на дефектологот.

Училница.

**Пример 3:**

**Врска наставник наставник**

**Зошто?**

Размена на информации и искуство.

Изработка на планови, подготовки, извештаи, ...

**Соработка и активности за поквалитетно учење.**

**Главна тема?**

Организација и квалитет на воспитно-образовниот процес.

**Методи?**

Разговори и состаноци.




**Каде?**

Училиште (наставничка канцеларија, училница, училиштен двор, ...).

## Соработка за учество-стр. 93 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример:**

Кои деца и семејства не партиципираат добро во образованието и во училишниот живот? (Бура на идеи од училишна обука за инклузивно образование.)

| | |
|---|---|
| **Ученици со попреченост (здравствена)** | **Карактеристики:** често отсуствуваат од наставата; намалено внимание; пропусти во усвоеност на наставните програми; кратка меморија; моторичка попреченост; недоволно социјализирани; неприфаќање на состојбата од страна на родителот; раздвиженост; недисциплина, ... |
| **Хронично болни (здравствено)** | Карактеристики: отсуство; пропусти во усвоеност на наставните програми; повлеченост; немање самодоверба, ... |
| **Не го зборуваат јазикот** | Карактеристики: тивки; несигурни; не учествуваат во активностите на часот; не разбираат; повлечени; уплашени, ... |
| **Дисфункционални семејства** | Карактеристики: повлечени; недисциплинирани; насилни; невоспитани; незадоволни; револтирани; не се одговорни; неисполнителни; непостојани; недоследни, ... |
| **Тешка социо-економска состојба** | Карактеристики: повлечени не се експонираат; несреќни; срамежливи; отежната комуникација; агресивни и наметливи; имаат потреба од внимание; слаб успех; непостојани; прифатени од околината (позитивно и негативно), ... |



## Единица 2.2.:
## Разбирање на ограничувањата за учество

Во оваа единица се дадени примери за прибирање информации и подлабоко разбирање на ограничувањата за учество. Користени се различни перспективи за анализа на учеството и истражување на ограничувањата за учество за планирање промени што ќе му овозможат на детето да учествува.

### Разбирање на ограниченоста за учество



**Пример:**

**Попречување на наставата**

| Однесување на ученикот | Постапки на наставникот | Можни причини за однесувањето на ученикот | Промена на пристапот на проблемот | Ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Испушта неартикулирани гласови. | Се доближува и го опоменува. | Потреба од внимание и љубов. | Промена на местото на седење во близина на наставникот. | Зголемено внимание. |
| Станува од столче и привлекува внимание. | Му го менува местото на седење. | ... | Вклучување во активностите. (Кои и какви активности?) | Се вклучува во активностите на часот. |
| Им пречи на другите ученици. | Разговара со родителите. | | Почести разговори со ученикот. | Ги извршува домашните задачи. |
| Не се вклучува во активностите на часот. | | | Му посветува поголемо внимание на ученикот. | Споделува мислења и проблеми. |
| Не почитува авторитет. | | | | Добра интеракција со соучениците. |


1. Ученик кој за време на часот манифестира:
- испушта неартикулирани гласови
- станува од столче и го привлекува вниманието
- на останатите ученици им пречи
- не се вклучува во активностите на часот
- непочитување на авторитет
2. Наставникот постапува:
- се доближува и го опоменува
- промена на местото на седење; разговор со родителите
3. Причина:
Потреба од внимание и љубов
4. Промена на пристапот на проблемот
- промена на местото на седење во близина наставникот
- вклучување во активностите
- почести разговори со ученикот
- посветување поголемо внимание на ученикот
5. Ефекти:
- зголемено внимание
- се вклучува во активностите на часот
- ги извршува домашните задачи
- споделува мислења и проблеми
- добра интеракција со соучениците

## Анализа на ограничувањата за учество-стр. 97 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

**Анализирај ги ограничувањата на учеството!** (Пополнети формулари)

1. Опиши ги карактеристиките на групата категоријата (Единица 1)!

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ученик од дисфункционално семејство: неодговорен, незаинтересиран, полн со револт, недоследен, насилен, недисциплиниран, неисполнителен, повлечен, невоспитан, непостојан. | Ученик што не го зборува јазикот на кој се изведува наставата. | Ученик што има хронично заболување. | Ученик со здравствени проблеми (слаб слух, слаб вид, аутизам, епилепсија, церебрална парализа, Даунов синдром). |

2. Кој е вклучен во обезбедувањето учество? (Единица 1)

Идентификација:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Наставник, педагог, психолог, логопед, дефектолог, социјален работник, родител. | При упис стручните работници, наставниците и инклузивниот тим. | Наставник, педагог, психолог. | Стручна служба, наставник. |

Проценка:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дефектолог, логопед, социолог. | Наставниците (особен акцент на јазичарите), стручните соработници. | Стручно лице. | Стр. служба, наставник, здравствена установа. |

Образовно планирање:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Наставник. | Наставата ја планираат наставниците во соработка со наставниците по странски јазици, стручните работници и родителот/старателот. | Наставник, родител, педагог, психолог, дефектолог, инклузивен тим. | Индивидуален образовен план изготвен од наставник. |

Инструкции и интеракции:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Наставник и стручни служби. | Меѓу наставниците, меѓу учениците, работа во парови, групна работа. | Родител, дефектолог, инклузивен тим. | Соработка со стручни лица. |

Рефлексија и евалуација:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Наставник. | Ја вршат наставниците во соработка со наставниците по странски јазици. | Ученик, родител, наставник, дефектолог. | Постигнувањето на целите од ИОП го врши наставникот и инклузивниот тим. |

3. На која перспектива одговараат? (Единица 2)

Перспектива на врски: ○

Перспектива на развој:

Перспектива на настава: ○

Перспектива на здравје: ○, ○

Образложение за изборот на оваа перспектива

| | | | |
|---|---|---|---|
| Од нестабилни семејни врски, психичко растројство, трауми. | Непознавање на јазикот на наставата како пречка за усвојување на знаења и напредок. | Хроничните заболувања ја отежнуваат комуникацијата во средината, окружувањето. | За полесно приспособување во средината (социјализација) и да бидат прифатени. |

4. Во кој домен искусуваат ограничување на учеството? (Единица 2)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учење и промена на знаењето; грижа за себе; домашни работи; комуникација; меѓучовечки интеракии; подвижност, активни животни области (образование, работа и вработување и економски живот). | Ограничувања во доменот на учење и примена на знаењата, комуникација, домашна работа. | Главни животни области: образование, работа, вработување, економски живот. | Меѓучовечки интеракции и врски. |

5. Кое е нивото на поддршка што им е потребно? (Модел на три нивоа)? (Единица 2)

Настава базирана на стандарди: ○

Целни интервенции:○, ○, ○, ○

Интензивни интервенции: ○

Дадете краток опис на потребната подршка:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да се посвети внимание на меѓучовечките односи и врски. | Обезбедување на преведени материјали, дообјаснување, превод на инструкции, соработка со јазичари итн. | Да се запознаеме со историјата на болеста и да знаеме како да дејствуваме. | Поддршка од семејството, наставникот (сите се потребни за социјализација и успех). |

Образложение за изборот на ова ниво?

| | | | |
|---|---|---|---|
| Поради констатацијата дека детето му припаѓа на семејство со нарушени семејни врски. | | | |

**Пример 2:**

**План на активности за работење со другите во училиштето**

| | | |
|---|---|---|
| Кои се поставените цели? | Преку кои активности ќе се реализираат? | Кои се очекуваните исходи? |
| Кои методи и алатки ќе се применат? | Кои се придобивките, а кои се ризиците? | Како ќе знаеме дека сме успеале? |
| Кој/што/како треба да направи? | Што ќе дадеме, а што ќе побараме? | Каква поддршка е потребна? |

**Пример 3:**

**План на активности за работење со другите во училиштето**

| Aktivitetija | Resa | So mangav te resavav? | Metode thaj labne |
|---|---|---|---|
| Organizipe bešipnja ko nivelo ko active te informirinen e sikavne resencar e treningoskoro | Informiribe e sikavnenge bašo nakhlo treningo bašo inkluzijakoro sikljovipe | Suporti taro savre sikavne thaj manglin bašo akceptiribe sa e siklenge ki sikljavlin | Lafikeripe, bešipnja |
| Gatikeripe akcionikani mapa bukjake e inkluzivnoskoro timo (bahanencar ko nivelo ko aktivi) | Planokenipe e aktiviteskere | Čhijbe e sikavnen ko aktivitetija | Analitiko e haleskere sikljovnake |
| Gatikeripe mapa baši diseminacia e salikerinenge taro treningo | O xoripe e džandipaskere thaj bajraripe o interesi e sikavnengoro baši inkluzijakoro sikljovipe | Čhijbe e sikavnen ko aktivitetija | |
| Personalno mapa baši pendžaripaskere čhave | Kjeribe šartija baši sikljovipe e čhavenge. | Anglunipe e čhavenge pharipaja | Analitiko e siklavnengere planokeribe |



**Пример 4:**

**Анализа на врските на соработка**






## Ученици од ранливи групи-стр. 101 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

**Од училишна обука (се однесува на учениците од училиштето)**

| **Група:** | **Карактеристики:** |
|---|---|
| ***Ученици со посебни потреби:*** | |
| **телесна инвалидност**<br>**интелектуална попреченост**<br>**со говорна мана**<br>**глувонеми**<br>**слепи**<br>**надарени** | отпор кон родители<br>недоволно внимание<br>маргиналност<br>запоставеност<br>револт<br>агресивност |
| ***Ученици од семејства со социјални проблеми:*** | |
| **сезонска работа**<br>**многудетно семејство**<br>**работа во странство азиланти**<br>**приматели на социјална помош** | повлеченост<br>отсутност<br>отфрленост<br>разгаленост |
| ***Ученици од семејства со емоционални проблеми*** | |
| **разведени родители**<br>**самохрани родители**<br>**посвоени ученици (со родители старатели)**<br>**дисфункционални семејства**<br>**неписмени родители**<br>**родители алкохоличари или наркомани**<br>**рано стапување во брак**<br>**семејно насилство**<br>**хиперактивни ученици**<br>**повлечени ученици** | плачливост<br>приврзаност<br>отпор кон средината (училиште, настава)<br>вулгарност<br> |
| ***Нередовни ученици поради семејни обврски традиции*** | |
| **прослави (свадби, сунет, ...)**<br>**празници**<br>**чување на помало братче или сестра**<br>**временски неприлики**<br>**убедување на родителите (женско е, прераснато е, ...)** | |

**Пример 2:**

**Од училишна обука**

| Соработка за партиципација | |
|---|---|
| **Кои деца и семејства не учествуваат во образованието и во училишниот живот?** | Карактеристики: |
| **Ученици со попреченост (здравствена).** | Често отсуствуваат од настава; намалено внимание; пропусти во усвоеност на наставните програми; кратка меморија; моторичка попреченост; недоволно социјализирани; неприфаќање на состојбата од страна на родителот; раздвиженост; недисциплина. |
| **Хронично болни (здравствено).** | Отсуство; пропусти во усвоеност на наставните програми; повлеченост; немање самодоверба. |
| **Не го зборуваат јазикот.** | Тивки; несигурни; не учествуваат во активностите на часот; не разбираат; повлечени; уплашени. |
| **Дисфункционални семејства.** | Повлечени; недисциплинирани; насилни; невоспитани; незадоволни; револтирани; не се одговорни; неисполнителни; непостојани; недоследни. |
| **Тешка социо-економска состојба.** | Повлечени не се експонираат; несреќни; срамежливи; отежната комуникација; агресивни и наметливи; имаат потреба од внимание; слаб успех; непостојани; прифатени од околината (позитивно и негативно). |



# Единица 2.3.:
## Соработка за надминување на ограничувањата на учеството

По запознавањето со Меѓународната класификација на функционалност како рамка за соработка (од аспект на здравје и благосостојба), во оваа единица се дадени примери на користење на МКФ како рамка/заеднички јазик за разбирање на состојбата на детето од страна на сите заинтересирани што е основа за соработка за надминување на ограничувањата. Даден е и пример каде што Циклусот за решавање проблеми е користен како алатка за детална разработка и решавање на конкретен проблем.

### Зошто децата со иста „дијагноза“ различно функционираат?-стр. 104 од Прирачникот за инклузивно образование

Попреченоста ја опишува состојбата на личноста и зависи од очекувањата и барањата на средината. Во секоја држава лицата се идентификуваат како лица со попреченост на различни начини и не постојат однапред дадени критериуми што би ги идентификувале лицата како такви. Секој во некој момент од животот може да се соочи со здравствена состојба, која во несоодветна средина станува попреченост. Попреченоста е тешкотија во функционирањето на телото, индивидуата или социјалните нивоа во еден или повеќе животни домени. Тоа е искуство на индивидуата со здравствен проблем во интеракција со факторите во средината.



### Инклузивен процес во училиштето






## Примена на Меѓународната класификација на функционалности за деца и млади (МКФ-ДМ) -стр. 107 од Прирачникот за инклузивно образование студии на случај

**Пример 1:**

Л. е дете што посетува основно училиште и е 4-то одделение. Тој има 10 години. На училиште покажува тешкотии во учењето. Неговата мајка наведува доста сериозни проблеми со читањето, пишувањето и сметањето. Многу е бавен во читањето и прави многу правописни грешки. Тој исто така има проблем со разбирањето со што се попречува неговото учење.

Често има тешкотии во организирањето и извршувањето на должностите на училиште и дома, а покажува намалено внимание и концентрација. Не го сака училиштето и вели дека таму е тажен.

Според лекарот, неговиот развој на говорот спаѓа во нормала.

Од две одделни интервјуа со наставникот и со мајката, добиени се следниве податоци:

Л. е понекогаш невнимателен, постојано нешто губи (гума, молив, пенкало).

Л. често времето го поминува сам. Односот со неговите другарчиња не е секогаш позитивен, има умерени тешкотии при дружење со неговите соученици и не учествува во активностите на другите деца.

Дома, Л. има умерени проблеми во завршувањето на домашната задача, мајката оди на работа и не може секогаш да му помага да ја заврши домашната работа. Л. е „бавен како полжав" вели таа. Често ја губи мотивацијата и не ја завршува работата до крај.

Мајката на Л. вели дека со тргнувањето во училиште, кај Л. се појавиле тикови (трепкање со очите).

Л. има многу добар однос со својата учителка, со баба и со дедо. Со баба и дедо често оди на одмор.

*Листа на проценка за Л.*

| **Телесни функции (оштетување)** | **Активност (ограничување во активноста)** | **Учество (ограничување во учеството)** | **Фактори од околината** |
|---|---|---|---|
| Интелектуални функции. | Читање. | Посетување и приспособување во училиште. | Луѓе на позиции и авторитети. |
| Енергичност и функции на нагон. | Пишување. | Постигнување успех во училиште. | Здравствени служби, системи и начела. |
| Функции и внимание. | Сметање. | Воннаставни активности. | Служби, системи и начела во образованието. |
| Функции на меморија. | Комуникација. | Семејни врски. | |
| Ментални функции на говорот. | Управување со сопственото однесување. | Неформални социјални врски (врсници). | |
| Когнитивни функции на пониско ниво (органи). | Справување со стрес. | | |

*Резултати*

| **Телесни функции** | **Активност и учество** | **Фактори од околината** |
|---|---|---|
| Ученикот покажува некои тешкотии во областа на емоционалното функционирање. Тој често е тажен и не му се допаѓа училиштето. Има умерени тешкотии во областа на вниманието; ја губи концентрацијата; има некои тешкотии во задачите што бараат основни когнитивни функции. Ученикот ја покажува својата разочараност на училиште со некои тикови што започнале да се појавуваат на почетокот на учебната година. | Ученикот покажува сериозни тешкотии во учењето и примената на знаењето, поточно, во читањето, пишувањето и во сметањето. Овие тешкотии ја попречуваат неговата дневна рутина. Ученикот има умерени тешкотии при учество, особено со пријатели. Често се чувствува сам и не е добро интегриран во училишните активности, не игра често фудбал со неговите врсници, со што му се намалува времето поминато во одмор и рекреација. | Ученикот има добар однос со неговата наставничка, но не и со неговите другарчиња во училиштето. Тој не ја добива потребната поддршка од неговите врсници, дури тие покажуваат став за негово исклучување од активностите, така што тој времето го минува сам. |

**Пример 2:**

Д. е ученик во осмо одделение. Има тешкотии во учењето и слаби оцени по повеќе предмети. Не се ангажира доволно на часовите, а понекогаш одбива да комуницира со наставниците. Понекогаш знае да одговори на поставено прашање, но тоа е сосема кратко и оддава впечаток дека не сака да го прошири знаењето. Покажува агресивно однесување кон соучениците, ги навредува и брзо влегува во физичка пресметка. Нема другари. Ако не се постапува според неговата желба, покажува револт.

Има нарушени односи со родителите. Ниту мајката, ниту таткото не претставуваат авторитет за него. Одбива да ги исполни неговите обврски (извршување на училишни задачи, учество во воннаставни активности, дополнителна настава). Покажува дека има добар однос со постариот брат. Сака да е уреден и чист.

*Листа на проценка за Д.*

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Семејна и/или детска перспектива** | Општи психосоцијални функции.<br>Наклоност и интраперсонални функции. | Стекнување концепти.<br>Решавање проблеми.<br>Учење и примена на знаењето.<br>Основни меѓучовечки интеракции. | Контрола на сопственото однесување.<br>Формални врски.<br>Семејни врски. |
| **Професионална перспектива** | Телесни ф-ции/структури | Активност | Учество |
| | Функции за меморија.<br>Емотивни функции.<br>Мисловни функции. | Стекнување вештини.<br>Фокусирање на вниманието.<br>Сложени меѓучовечки интеракции. | Меѓучовечки интеракции и врски.<br>Живот во заедницата. |
| **Поддршка и врска** | Фактори на средината | Лични фактори | Други информации |
| | Непосредно семејство.<br>Пријатели.<br>Познаници, врсници, колеги, соседи и членови на заедницата.<br>Индивидуални гледишта на членовите на непосредното семејство.<br>Социјални норми, практики и идеологии. | | |

**Пример 3:**

М. и М. се близнаци, учат во 4-то одделение и имаат 9 години. На училиште покажуваат тешкотии во учењето: со разбирање, читање, пишување, сметање. Исто така имаат тешкотии со извршување на училишните обврски. Не можат да воспоставаат комуникација со другите деца и со наставничката. Имаат намалено внимание и концентрација. Времето го минуваат сами, не учествуваат во активностите со другите деца. Понекогаш се случува неконтролирано да уринираат и во училиште.

Дома живеат во проширено семејство, но со еден родител со таткото кој има психолошки тешкотии (најверојатно се работи за депресија), имаат две постари братчиња, баба и дедо. Не ги извршуваат ниту домашните обврски.

*Листа за проценка за М. и М.*

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Семејна или детска перспектива.** | Функции на уринирање.<br>Енергичност и функции на нагон. | Спроведување на дневната рутина.<br>Справување со стрес и други психолошки барања.<br>Домашен живот. | Проширено семејство. |
| | Телесни функции и структура. | Активност. | Учество. |
| **Професионална перспектива.** | Функции за внимание.<br>Основни когнитивни функции.<br>Функции на уринирање. | Учење да се чита.<br>Фокусирање на вниманието.<br>Спроведување на дневната рутина.<br>Комуникација. | Пишување.<br>Сметање.<br>Училишно образование. |
| | Средински фактори. | Лични фактори. | Други информации. |
| **Поддршка и врска.** | Настани предизвикани од човекот. | Проширено семејство.<br>Здравствени професионалци. | |

**Пример 4:**

Б. е ученичка од 9-то одделение која неодамна го изгуби едниот родител (сам си го одзема животот во затвор), мајката сѐ уште е на издржување затворска казна. Не знае како да се справи со ситуацијата и револтот што го носи во себе (користи тешка антидепресивна терапија). Покажува грижа на совест за смртта на таткото, поради фактот дека неколку месеци пред смртта одбивала да контактира со него.

Ученичката и нејзината сестра живеат под старателска грижа на бившиот сопруг на мајката (кој постојано работи и не се грижи за нив). Поради тоа ученичката постојано отсуствува од настава, води борба со себе и со наставниците. Кога е присутна на часовите, таа спие, непокажувајќи сила и интерес за настава.

Не се дружи со учениците, но затоа нема проблем со други млади што не се нејзини врсници.

*Листа за проценка за Б.*

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Семејна и/или детска перспектива** | Помош при одење во тоалет.<br>Водење грижа за својата безбедност. | Контрола на сопственото однесување.<br>Водење грижа за сопствената безбедност.<br>Помагање на другите.<br>Домашен живот. | |
| **Професионална перспектива** | Телесни функции и структура. | Активност. | Учество. |
| | Функции за спиење. | Фокусирање на вниманието.<br>Спроведување на дневната рутина.<br>Водење грижа за својата безбедност.<br>Основни меѓучовечки интеракции.<br>Формални врски. | Училишно образование. |
| **Поддршка и врска** | Фактори на средината. | Лични фактори. | Други информации. |
| | Настани предизвикани од човекот. | Непосредно семејство.<br>Луѓе на позиции и авторитет.<br>Индивидуални гледишта на членовите на непосредното семејство.<br>Индивидуални гледишта на давателите на лична грижа и лични помошници. | |

## Соединување на искуствата и идеите-стр. 108 од Прирачникот за инклузивно образование

Многу наставници се загрижени како да ја направат сопствената настава поинклузивна. Некои од нив чувствуваат дека не ги поседуваат сите вештини потребни за инклузија. Ова е неизбежно, еден наставник не може да знае сè и сè да прави самостојно! Затоа клучната порака, во насоките за инклузивното образование или во наставните материјали, често гласи: „Работете заедно со колегите и клучните чинители кои ќе ви помогнат да ги идентификувате и да ги решите предизвиците за инклузијата“.




**Пример 5:**

**Проценка за развој на говорот со примена на МКФ**



## ТЕЛЕСНИ ФУНКЦИИ

**МЕРЕЊЕ, ПРИБИРАЊЕ**

**ПОГЛАВЈЕ 1 : МЕНТАЛНИ ФУНКЦИИ**

Б140 функции за внимание

Б144 функции за меморија

Б156 перцептивни функции

Б160 мисловни функции

Б163 основни когнитивни функции

Б167 ментални функции на говорот

**ПОГЛАВЈЕ 2: СЕТИЛНИ ФУНКЦИИ И БОЛКА**

Б210 функции за гледање

Б230 функции за слушање

**ПОГЛАВЈЕ 3: ФУНКЦИИ НА ГЛАС И ГОВОР**

Б310 функции на глас

Б320 функции на артикулација

Б330 функции на течност и ритам на говорот

Б340 функции на алтернативна вокализација

Б398 функции на глас и говор, други одредени

Б399 функции на глас и говор, други неодредени

**ПОГЛАВЈЕ 4: КАРДИОВАСКУЛАРН, ХЕМАТОЛОШКИОТ, ИМУНОЛОШКИОТ, РЕСПИРАТОРНИОТ СИСТЕМ**

Б440 респираторни функции

Б445 функции на респираторните мускули

Б449 функции на респираторниот систем.....

**ПОГЛАВЈЕ 5: ФУНКЦИИ НА ДИГЕСТИВНИОТ СИСТЕМ..**

Б510 функции на голтање

## АКТИВНОСТ И УЧЕСТВО

**МЕРЕЊЕ, ПРИБИРАЊЕ**

**ПОГЛАВЈЕ 1 : УЧЕЊЕ И ПРИМЕНА НА ЗНАЕЊЕТО**

Д110 гледање

Д115 слушање

Д133 научување јазик

Д137 стекнување концепти

Д160Фокусирање на вниманието

Д161 насочување на вниманието

**ПОГЛАВЈЕ 3: КОМУНИКАЦИЈА**

Д310комуницирање со примање говорни пораки

Д320 комуницирање со примање пораки на офоцојален знаковен јазик

Д325 комуницирање со примање пишани пораки

Д329 комуницирање со примање, друго

Д330 говорење

Д331 предговорење

Д340 создавање пораки на официјален знаковен јазик

Д350 конверзација

Д398 и д399 комуникација друго

**АНАЛИЗИРАЊЕ РАЗБИРАЊЕ** →

Се добива информација за :

- Ритамот, темпото и мелодичноста на говорот
- Артикулација на гласови
- Речник на зборови според возраста
- Степен на развиеност на пасивниот и активниот говор
- Именување на предмет и функција на предметот
- Прераскажување(утврдување на одредени мисловни функции, синтаксички и семантички способности
- Способност за читање
- Ортографски елементи
- Лексички способности
- Асоцијативни способности
- Орална праксија

**ПЛАНИРАЊЕ ОДЛУЧУВАЊЕ** ↓

Експертскиот тим донесува одлука за понатамошни активности (индивидуален образовен план, медицинска интервенција, методичка акција, вклучување на стручна помош, работа со родители, соработка со други институции....)

**ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ** ↓

Операционализација на планираните активности

**КОНТРОЛИРАЊЕ, ЕВАЛУИРАЊЕ** →

УТВРДУВАЊЕ МЕХАНИЗМИ ЗА КОНТРОЛА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОЦЕС НА ЕВАЛУАЦИЈА

(целокупниот процес подразбира одредување на време, место, начини, механизми на евалуација)

↓

**МЕРЕЊЕ, ПРИБИРАЊЕ.........**

# Единица 2.4.:
## Креирање тимови и заедници за инклузија

Земајќи ги предвид врските на соработка, примерите во оваа единица се насочени кон формирањето, работата и соработката на тимовите за инклузија. Која е целта на тимот и кои се активностите во училиштето? Дадени се примери на постојни и можни идни врски во училиштето и со засегнати институции/личности надвор од училиштето и како тие да бидат поддршка на напорите кон инклузивно училиште/образование.

Улоги и задачи на инклузивниот тим-стр. 113 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

**Инклузивен тим ЦЕЛ?**



**Пример 2:**

**Што може да се постигне со инклузивниот тим?**




**Пример 3:**

**Инклузивен тим-личен професионален развој на кадарот**



**Пример 4:**

**Планирање на активностите на инклузивниот тим**




Тимот за инклузија во училиштето:

1. Ги идентификува потребите на ученикот, изготвува и спроведува план.
2. Ги зближува луѓето „однадвор“, кои имаат влијание во образованието и во училиштето што споделуваат заедничка цел да го направат нивното училиште поинклузивно.
3. Има различно и репрезентативно членство.
4. Постои за да им помогне на наставниците, другиот персонал, децата и родителите.
5. Претставува пример за тоа што значи инклузија во реалноста и обезбедува практична помош и совети, така што и другите да можат теоретското знаење за инклузијата да го претворат во реалност.

**Пример 5:**

Во годишната програма за работа на ТИО, во едно инклузивно училиште е запишано дека:

- Поучувањето и учењето се достапни за сите деца;
- Наставната е приспособена кон развојните, заедничките и индивидуалните потреби за напредок на учениците;
- Наставникот изработува индивидуализиран образовен план со вклучување и на други членови на тимот, зависно од потребите;
- Се применуваат разни техники и стратегии во реализацијата на наставната работа;
- Се користат методи што се приспособени на индивидуалните потреби на детето;
- Се користат визуелни помагала и други материјали приспособени на потребите на децата (најчесто изработки од деца или од наставници);
- Се обезбедува дополнителна помош кога тоа е потребно за поединец или мала група;
- Се балансираат правата на децата со посебни потреби и интереси, со целите и интересите на нивните родители или старатели;
- Се обезбедува соодветно место во училницата за детето со посебни потреби, а со тоа се создаваат услови сите деца да се вклучени и да учествуваат.
- Децата со ПОП се вклучуваат во сите/различни активности, зависно од можноста кој каде може;
- Обуките во училиштето ја зајакнаа самодовербата и самопочитта, се намалија предрасудите и стравот и наставниците се мотивирани да работат со деца со различни ПОП;
- Се поттикна и се унапреди креативноста;
- Се подобрија индивидуалниот и креативниот живот и работа;
- Се применуваат техники на креативно мислење;
- Се развива кооперативното учење;
- Се подобруваат личниот и социјалниот развој;
- Проблемите заеднички се решаваат;
- Се поддржуваат различни групи и се соработува со нив: вработени, ученици, родители и други по потреба;
- Се создава пријатна средина, со целосна почит кон сите;
- Се прифаќаат различностите;
- Се почитува детето како личност;
- Се одржува пријатна атмосфера во која ниту наставникот/наставниците, ниту децата и нивните родители се изложени на многу стрес;
- Се создава атмосфера на прифаќање во која сите деца сакаат да помогнат;
- Децата не се споредуваат.

**Пример 6:**




## Идеи и визии за подобрување на врските за инклузија-стр. 115 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример:**



| Институции |
|---|
| Преиспитување на категоризацијата, поддршката. |
| Медиумска кампања систематско информирање за социјална и образовна инклузија. |
| Воспитно-образовен процес (наставни планови и програми). |
| Да им наложат почести контакти на наставниците со учениците, родителите воннаставни активности. |
| Советување на родители и ученици. |
| Соработка со НВО на терен. |



| Локална самоуправа |
|---|
| Превоз и пристапност во училиштето. |
| Обезбедување нагледни средства. |
| Работни места за стручни лица. |
| Работилници со родители. |
| Задолжување на училиштата за активности што ги вклучуваат сите различности на учениците. |
| Да ја следи редовноста и да проследува информации до други институции. |



| Одговорни лица |
|---|
| Врсници, родители. |
| Одделенски раководители, наставници, стручна служба. |
| БРО, ДПИ, МОН. |
| Медицински лица, здравствен дом, Завод за ментално здравје. |
| Социјални служби, МВР, Народен правобранител |
| НВО, автопревозници ... |



# Модул 3: Средини што помагаат за индивидуализирано учење



# 3

Содржините во додатокот на Модулот 3 се насочени кон средините за индивидуализирано учење. Основно за индивидуализираното учење е тоа дека училиштето постои за децата, а не обратно, и затоа училиштата треба да се приспособат и да им овозможат на учениците да научат што повеќе. Но, сите училишта имаат ограничени ресурси од различен вид, па традиционалната настава се чини како единствениот ефикасен метод за подучување на големи паралеки во мал простор, со материјали за учење што не се индивидуализирани.

Индивидуализираното учење подразбира дека секое дете е прифатено како личност со таленти и способности, со специфично семејно потекло, социјален идентитет, како и со претходни искуства од учењето. Секое дете може да учи; учењето е суштински дел од човековата природа и секое дете сака да биде дел од заедницата. Низ овој Модул се даваат примери за тоа како наставниците може да одговорат на овие потреби во својата училница.

## Единица 3.1.: Анализирање на состојбите на учење на децата и на младите

Примерите изработени од наставниците во оваа единица се поврзани со различни состојби на учење на децата и како свеста на наставникот и свеста на децата за ситуацијата ги води нивните дејства. Тие покажуваат примери каде што наставниците се фокусирале врз состојбите наместо врз карактеристиките на ученикот.

Со користење на моделот Теорија на активност се прави осврт кон различните елементи што влијаат врз тоа како некој постапува во дадена ситуација, но и како може да се направат приспособувања.

## Што е свесност за ситуацијата? Свесност за ситуацијата контекстуални фактори-стр. 123 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

**Свесност за ситуацијата контекстуални фактори**

| **Контекст** | | | |
|---|---|---|---|
| ***Време*** | *Место* | *Релации* | *Социјални услови* |
| - Минато, сегашно, идно …<br>- Наутро, навечер.<br>- Сезона.<br>- Дел од часот. | - Училиште, училница, фискултурна сала.<br>- Болница.<br>- Дом, семејство.<br>- Локална заедница, држава. | - Ученик ученик.<br>- Ученик наставник.<br>- Наставник родител.<br>- Ученик родител. | - Ставови, очекувања.<br>- Во игра, активност на час. |

**Во кој контекст ученикот е неуспешен?**

***Кога наставникот:***

| | | |
|---|---|---|
| Си ја следи замислената агенда и пропушта важни моменти. | Ги толкува постапките на учениците врз основа на етикети. | Манипулира и постојано е во право. |

***Кога ученикот прима двојни пораки дилеми:***

| | | |
|---|---|---|
| Отворено сложување, прикриено несложување. | Вербалната комуникација е различна од невербалната. | „Не напиша ќе ти ставам единица“, а кога ќе напише: „Напиша со ногопис, е сега ќе ти ставам единица“. |



**Пример 2:**

**Резултат од бура на идеи**




**Пример 3:**

**Бура на идеи од приказната за младиот човек и зен учителот**

| Што ќе направат следно младиот човек и ученикот? | |
|---|---|
| **Млад човек и неговата мајка** | **Ученик и зен учител** |
| ▶ Сѐ уште е ранлив и може да се поврати болеста, заради емотивна нестабилност, ако ѝ поверува на мајката. | ▶ Ученикот може да е збунет и да одбере што било само побрзо да заврши задачата. |
| ▶ Може да ја одбегнува мајката, од страв да не се повторат слични ситуации. | ▶ Ученикот може да избега, само за да се спаси од стапот. |
| ▶ Може да се одбрани од ставот на мајката дека се плаши од своите чувства. | ▶ Ученикот може да најде решение како да го надмудри зен учителот, на пример со одговорот: Стапот не е невистински. |

## Студија на случај Волкот и јагнето-стр.125 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

**Резултат од дискусија**

| Анализа на часот | |
|---|---|
| **Што се случува во двете сесии од лекцијата?** | ▶ Наставничката најавува дека ќе чита басна без да даде вовед или да ги најави очекуваните исходи пред учениците.<br>▶ Сите ученици не се вклучени во следењето на басната. Повеќето се воодушевени од содржината.<br>▶ По завршувањето се развива дискусија за содржината на басната.<br>▶ Наставничката настојува и добива одговор од сите ученици. Воодушевувањето од претходно го нема, а наставничката ја објаснува задачата. |
| **Какво е разбирањето на наставникот за ситуацијата?** | ▶ Се чини дека сепак одбрала интересна содржина за сите деца, но не ги заинтересира учениците.<br>▶ Оддава впечаток дека и таа е незаинтересирана за квалитетот на часот. Се држи до извршување на задачата.<br>▶ Дава сиромашна повратна информација не поттикнува.<br>▶ Нема обезбедено поддршка за Ивана, која не го разбира јазикот и Сара, која е наглува. Покажува непочитување кон ставот на Дејан за изборот на басната. |
| **Какво е разбирањето на Сара, Тобијас, Ивана и Дејан за ситуацијата?** | ▶ Сара изведува заклучок што не е во согласност со содржината на басната можеби не ја слушнала добро. Збунета е и тивка, но се труди да следи.<br>▶ Тобијас ја слуша басната, но во втората сесија не учествува на часот, си има своја занимација здодевно му е.<br>▶ Ивана е збунета. Таа не разбира што е активноста на часот и што треба да прави.<br>▶ Очигледно Дејан не учествува на часот не му е интересна содржината и тоа го покажува со удирање на девојчето до него, за што добива прекор од наставничката. |
| **Кои се клучните одлуки на наставничката?** | ▶ Примени ист метод на цело одделение.<br>▶ Игнорирањето на четирите деца, иако знаеме дека дале некаков одговор.<br>▶ Нема повратна информација на одговорите на учениците, нема заклучок ниту насока.<br>▶ Ја губи контролата над активностите на учениците на часот. |
| **Алтернативи што може да поттикнат учество на овие четири ученици?** | ▶ Да употребат повеќе различни стратегии, наместо само читање на приказната (видео со слики додека чита, слушалки за Сара, преведен материјал за Ивана, драматизација со деца или куклена драматизација).<br>▶ Давање квалитетна повратна информација, која ќе кажува што е добро и ќе поттикнува на понатамошно размислување. Да се доближи до Тобијас, да прави прекини, паузи во читањето, на Дејан да му даде улога на асистент... |
| **Кои се вашите заклучоци?** | |

**Пример 2:**

**Осврт на однесувањето на наставничката (несоодветен пристап)**

**Наставничката: користи традиционални методи; нема илустрации и други нагледни средства; учениците ги запоставува, не ги мотивира, игнорира, не поттикнува; не дава повратна информација.**







## Разбирање за свесноста на ситуацијата-стр. 127 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

**Екскурзија (во Прирачникот за инклузивно образование е даден пример со писма)**

Додека патувавме со автобус на екскурзија, наставничката ни даде интересна задача: Да пресметаме со која брзина можеме да ја поминеме должината на целиот автобус, додека тој се движи!

Беше тешко да се мери времето, додека секој што се движеше се тетеравеше и паѓаше. Работевме во две групи и ги користевме нашите познавања од физика, но сепак добивме различни решенија. А најинтересен беше одговорот на наставничката дека и двете групи решиле точно!

| Субјект „Кој?“ | Средства „Како?“ | Контекст „Каде?“ | Објект „Што?“ | Исход „Зошто?“ |
|---|---|---|---|---|
| **Ученици група 1** | Ја измеривме должината на патеката и го измеривме времето потребно за нејзиното минување. Нивниот количник ни ја даде брзината. | Во автобусот. | Брзина на поминување на целата должина на автобусот. | Во однос на автобусот. |
| **Ученици група 2** | Ја измеривме должината на патеката и должината на времето и ја запишавме брзината на автобусот од брзинометарот. Добивме решение во насока на движењето и во спротивната насока. | | | Во однос на автопатот. |

## Примена на Моделот на теорија на активност кај четирите деца-стр. 132 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

| Субјект *„Кој?“* | Средства *„Како?“* Употреба на стратегија? Наставникот: | Контекст Искуството од *„Каде?“* | Објект *„Што?“* Фокус на активност? | Исход *„Цел?“* Намера? Мотивација? |
|---|---|---|---|---|
| **Сара** | Употреба на микрофон и слушалки (или слушно апаратче); асистивна технологија. | Да седи во прва клупа кога наставничката зборува, да настојува Сара да ја гледа во уста. | Подобрување на слушањето. | Да може непречено да слуша;подобро да го следи часот; активно да учествува. |
| **Тобијас** | Да го смени крајот на приказната во позитивен контекст; да биде пофален кога е можно. | На час да се додели улогата на волкот со позитивна содржина – заедно да пијат вода. | Подобро внимание и концентра-ција. | Да биде ангажиран, внимателен, вклучен во процесот на учење. |
| **Ивана** | Да вклучи илустрации или преведени содржини на мајчиниот јазик; презентација со титл. | Кога се воведуваат нови содржини задолжително со одвоен речник на нови зборови. | Јазично разбирање. | Да ги учи содржините, но и да може да го научи наставниот јазик. |
| **Дејан** | Да даде значење или корисна повратна информација на негов коментар; да ѝ биде ученик-ментор на Сара. | Во задачи во кои ќе ги запознае истовремено и своите јаки и своите слаби страни. | Воздржување и почитување. | Да соработува, да почитува, да ги осознае своите недостатоци, но и да му се даде важност. |

# Единица 3.2.:
## Креирање ефикасни цели

Изработките што ја илустрираат оваа единица го ставаат во функција пристапот кон животниот циклус при поставувањето цели и даваат примери на краткорочни, среднорочни и долгорочни цели. Исказите за целите пак, овозможуваат да се даваат повратни информации што имаат значење место повратна информација на лично ниво. Повратната информација на лично ниво е општа и речиси бескорисна (а може да биде и контрапродуктивна). Обичната пофалба го пренасочува вниманието од задачата кон ученикот (на пример „...добра девојка...“) и содржи малку информации што се поврзани со задачите. Во добрата повратна информација има назнаки за напор, за ангажирање или за процеси/изработки (на пример „... ти навистина си добра, бидејќи внимателно ја заврши оваа задача, со примена на --------- овој концепт ...“).

### Употреба на Моделот на теорија на активност за различни цели-стр. 136 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

**Доцнење на учениците на првиот час**




Разговор со учениците и нивните родители; редовна евиденција на отсуства; придружба; воведување временски распоред на денот.

Одделенски раководител.

Ученикот да стекне навика на навремено извршување на активностите.

Навремено доаѓање во училиште на првиот час.

Лични и родителски средби; списоци на дежурства на дежурни ученици; јавен транспорт и пат до училиште; дома со семејството.

**Пример 2:**

**Закопчување јакна со патент**



Игра „Брои до 5“ – за сите и од сите ученици. Учениците сами креираат активности.

Наставникот Мети и неговите ученици.

Да се осмисли постапка за подобрување на рутината на облекување.

Ученикот да научи да закопчува јакна со патент. Награда: прибор за моливи – на патент!

Училиштен двор, училница

## Образованието како долгорочен проект-стр. 137 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

**Драматизација на басната „Волкот и јагнето“ пред родителите**

| | Спроведување активности во специфична ситуација | Учество во животни ситуации | Целосно и ефикасно учество во општеството |
|---|---|---|---|
| **Сара** | Ќе ја има улогата на јагнето во драматизацијата на басната, која ќе има среќен крај, според кој јагнето го надмудрува волкот. | Ќе учи ораторство и ќе учествува на натпревари по ораторство. | Ќе стане успешен адвокат и ќе има одличен завршен збор во судницата, можеби ќе биде и јавен правобранител. |
| **Тобијас** | Ќе ја има улогата на волкот, кој ќе го сослуша јагнето, ќе има целосно разбирање за него и ќе се одврати од идејата да го изеде. | Ќе му биде важно да го слушне она што има да му го каже соговорникот; нема да донесува брзи одлуки. | Ќе стане успешен училиштен психолог, кој ги разбира учениците и им помага да ги најдат решенијата на своите проблеми и предизвици. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Дејан** | Ќе ја има улогата на нараторот во кој мистериозно раскажува и ја држи публиката во неизвесност до самиот крај. | Ќе биде полн со информации и во кругот на пријателите често ќе биде оној што раскажува, затоа што му годи вниманието од другите, ама и ќе им возврати со исто внимание. | Ќе биде одличен спикер на вести или водител на емисии; можеби ќе биде и актер, но секако ќе биде одличен презентер. |
| **Ивана** | Ќе ја има улогата на преведувачот на нараторот за да можат сите родители да разберат како басната добила нов крај. | Ќе комуницира со разбирање во средината во која живее затоа што ќе го научи јазикот. | Ќе биде преведувач; ќе го искористи познавањето на повеќе јазици; можеби ќе биде туристички водич или амбасадор во земјата чиј јазик е нејзин мајчин јазик. |

## Цели во образованието-стр. 142 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

**Поделба на целите целите се средство за постигнување други цели**

| Краткорочни цели<br>Изведби | Среднорочни цели<br>Постигнувања | Долгорочни цели<br>Способности |
|---|---|---|
| Ученикот ги знае процедурите на гласање што обезбедуваат демократски избори. | Ученикот спроведува тајно гласање за избор на претседател на одделенска заедница. | Ученикот се развива како социјално битие преку живеење и соработување со други. |
| Црта растение со сите негови делови; ги наведува и ги опишува деловите; ги објаснува нивните функции. | Ја знае структурата и функцијата на деловите на растението. | Поседува знаења и вештини за проучување на живиот свет. |
| Ги почитува интерпункциските знаци; правилно ги изговара зборовите во реченицата; ги акцентира зборовите. | Изразно чита. | Усно и писмено чита и прераскажува литературни дела. |

## Повратна информација Модел на теорија на активност-стр. 145 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

**Нивоа на повратна информација**

| Ниво на себе (Субјект) | Ниво на процес (Средства и алатки) | Ниво на процес (Контекст) | Ниво на задача (Објект) | Ниво на саморегулирање (Исход) |
|---|---|---|---|---|
| Ти си прекрасен ученик. Даде многу интелигентен одговор, одлично сторено. | Текстот може да има поголема смисла ако употребиш некоја од стратегиите за кои зборувавме претходно. | Твојата идеја ќе добиеше на значење ако ја искажеше кога беше пријавен проблемот со задачата. | Треба да вклучиш соодветен симболички запис за текот на конструкцијата. | Ти ги знаеш клучните карактеристики на оваа теза. Провери дали ги вметна во твојот став. |

**Пример 2:**

**Прашања за повратни информации**

- Што уште би сакал да ни кажеш за ...?
- Која е најважната идеја од денешната дискусија?
- Како се чувству-ваш во врска со ...?
- Како го направи ова?
- Можеш ли да објасниш со свои зборови?
- Се согласуваш или имаш поинакво мислење?
- Зошто го направи ова?
- Како ова можеш да го употребиш во друга содржина?
- Како овој податок влијае врз бројот на решенија?
- Како знаеш дека ...?

## Противречни цели-стр. 147 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

**Дискусија за противречни цели**

| | | |
|---|---|---|
|  | Еднаквоста не значи еднакво учество: еднакви услови нееднакво учество. За да може сите деца да го следат фудбалскиот натпревар, потребно е да им се овозможат соодветни услови. |  |

## Единица 3.3.:
## Приспособување на ситуациите кон барањата на учениците

Примерите во оваа единица даваат идеи за приспособување на состојбите на учење. Во некои случаи потребно е изготвување на индивидуален образовен план (даден е еден можен модел), но во многу повеќе случаи потребно е приспособување на приодите и средината за учење со што учеството може да биде подобрено во училницата.

Дадени се примери каде што со користење на басната „Јагнето и волкот“ се поставени различни цели што може да бидат постигнати, земајќи ги предвид различните можности за учење и тоа без никакви приспособувања на училницата. Ова води кон примерот што е инклузивно училиште образование за една група наставници.



## Можности за учење /поврзување со цели-стр. 152 од Прирачникот

**Пример 1:**



**Пример 2:**



Закана
Работилница
Потреба за глад
ФЗО Волк и јагне
Зошто лани воова време ме нарекуваше со погрдни зборови
Како се осмелуваш да јаматиш водата
Еве ја вечерата
Само да ајдам изговор да го фатам
Шуми
Реки
Волк
Безбедност во природа
Драмски текст за улоги
Писмено изразување
Изјави на ликовите
Усно изразување
Примена на ИКТ
Животни
Шумски
Домашни
Јагне
Не, како можам да ја матам водата кога ти си погоре, а јас подолу
Јас имам 6 месеци
Тоа не е вистина
Одбрана
Искажување на чувства

**Пример 3:**



Река
Тече во
Речно корито
Населување
Град
Село
Бенефит
Долина
Именка
Риба
Исхрана
Здрава храна
Дејност
Лов и риболов
Фауна;Синџир на исхрана
Мечка
Инфраструктури
Мост
Сообраќај
Видови
Копнен
Воден
Воздушен
Сообраќајни
Градежен материјал
Песок
Камен
Цемент
Вар
Железо
Историја
Камен мост
Ги поврзува
Луѓето
Културите
Просторна ориентација
Над
Под
Правец
Насока
Лево
Десно
Притоки се влеваат
Вардар
Се влева
Егејско море
Пена
Лепенец
Брегалница
Растенија
Житни
Ориз
Јачмен
Овес
Пченица
Лековити
Оригано
Нане
Камилица
Градинарски
Пиперка
Домат
Компир
Кромид
Видови реки
Рамнински
Планини
Низина
Пелагонија
Планини
Кораб
Шар Планина
Беласица
Извира од
Извор
Екологија
Течение
Минерална
Термална
Вруток
Се пие
Чиста вода
Важна е
Здравје
Се користи во
Среќно дете

## Можен модел на Индивидуализиран план за учење-стр. 154 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

| | ИОП во нашето училиште |
|---|---|
| **Мерење и собирање.** | Да се направи опсервација на учениците по одделенија, да се соберат мислења од наставниците, стручната служба и родителите (преку анкети, интервјуа...). |
| **Анализирање, разбирање.** | Инклузивниот тим врши идентификација и класификација на ранливите групи. |
| **Планирање, одлучување.** | Креирање на ефикасни цели (постапки, начини, методи и форми) со приспособување на ситуациите за потребите на учениците. |
| **Дејствување, имплементирање.** | Повратни информации до одделенските, предметните наставници и родителите, со давање насоки за постапување, задолженија, изработување на ИОП. |
| **Евалуација.** | Средби на тимот за инклузија со наставниците. Разгледување и согледување на постигнатите резултати (ИОП, чек-листи, наставни ливчиња и други инструменти за следење на постигнувањата). |
| |  |

**Пример 2:**

**Индивидуален образовен план**

| **Име и презиме:** | **Датум на почеток:** | **Датум на проверка на постигнатоста на целите:** |
|---|---|---|

Што знае ученикот и што може да направи:

| Цели: (Содржина) | Како? (Стратегии и форми на работа) | Кој? (Раководење со училницата) | Колку често? (Време) | Потребни ресурси: | Што постигнал ученикот? (Продукти) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |

Датум на согласност:............

Потпис на родител/старател:...........................

Потпис на стручно лице: ......................

**Забелешки од прегледот на ИОП-от:**

Датум на согласност:...............

Потпис на родител/старател:...........................

Потпис на стручно лице: .........................

## Компетенции за инклузивно образование-стр. 156 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

**Резултати од дискусија**

| Создавање инклузивни култури | Изготвување инклузивни политики | Развојни инклузивни практики |
|---|---|---|
| *Градење заедница:*<br>• заемна помош и поддршка;<br>• различни вклучени групи;<br>• пријатна средина;<br>• практикување почит. | *Развивање на училиште за сите:*<br>• вработување на кадар кој одразува разновидност;<br>• вработените се третирани добро и на фер начин;<br>• сите локални деца се запишани;<br>• пристапни средини. | *Наставен процес:*<br>• наставата е достапна до сите;<br>• предавањата активно поттикнуваат разбирање на разликите и инклузијата;<br>• сите деца се поттикнати;<br>• тимско предавање. |
| *Изградба на инклузивни вредности:*<br>• очекување СИТЕ ученици да го развијат својот потенцијал;<br>• споделени вредности;<br>• сите деца подеднакво се вреднувани;<br>• човечко битие не само машина за учење;<br>• пристап за отстранување на пречки;<br>• политики и процеси за борба против дискриминаторната практика, на пр. малтретирањето. | *Организирање поддршка за разновидноста:*<br>• координација на поддршката;<br>• процеси на заедничко решавање на проблеми;<br>• поддржани различни групи; вработени, ученици, родители;<br>• соодветна поддршка им се дава на различните потреби;<br>• процеси за идентификување и намалување на пречките за учење за СИТЕ ученици. | *Активирање на ресурси:*<br>• фер распределба: отклучување и искористување на ресурсите од заедницата (децата, вработените, родителите се гледаат како ресурси);<br>• локални и одржливи ресурси;<br>• приоритетно искористување. |

## Единица 3.4.:
## Креирање практика за поддршка на сите ученици

Примерите за оваа единица даваат идеи и размислување за употреба на она што било научено на обуките во сопственото училиште и тоа соодветно на неговите специфики, што понатаму би водело кон создавање инклузивно училиште, односно инклузивно образование.

### „Светско кафуле“-стр. 158 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

**Стихови - „Светското кафуле“**

ИНКЛУЗИВ КАФЕ
Заедно правиме листи, на часовите сите сме вклучени!
Различни, но сепак исти да бидеме среќни и учени!!!

**Пример 2:**

**„Светско кафуле“ - планирање**

| Настани во текот на учебната година (Што треба да се случи?) | Просторни услови (Какви простории и средини треба да бидат создадени?) | Зајакнување и промоција на врски (Кој/кои врски треба да бидат промовирани?) |
|---|---|---|
| Планирање и реализација на активности со кои се анимираат потребите на сите ученици. | Веќе има создадени солидни услови за активна работа и ефикасно учење. | Промоција и одржување на постојните содржини и органи. |
| Дисеминација: обуки и семинари реализирани надвор од училиштето (споделување на искуства, способности и вештини). | Дополнителна адаптација на тоалетот за ученици со телесен инвалидитет. | Учество на настани со можност за добивање: грантови, донации и спонзорства за подобрување на условите и средствата за работа. |
| Развојно планирање (со учество на различни структури). | Планирање за архитектонско решение за лифт што во моментот не им е неопходно. | Мотивација за континуирани активности. |

**Пример 3:**

**„Светско кафуле“ - родители**

| Тешкотии во соработка со родителите (прифаќање на тешкотиите на ученикот) | Тешкотии во соработка со наставникот во текот на планирање на стратегијата за задоволување на потребите и постигнување на целите во ИОП | Нередовност на учениците |
|---|---|---|
| Средби на родител со: наставник, стручни соработници, директор (да се разработи стратегија). | Индиректни средби со стручните соработници и средби со тимот. | Информирање и средба со родителот (наставник, стручен соработник, директор). |
| Создавање средина за почитување на различностите и градење на доверба. | Создавање средина за поддршка (стручна) за изготвување ИОП. | Поддршка од наставникот, учениците, родителите во училницата. |
| Наставникот треба да биде зајакнат со поддршка од стручните соработници и директорот. | Наставникот да биде зајакнат со знаења за потребите и способностите на ученикот. | |

**Пример 4:**

**„Светско кафуле“ - институции**

| Соработка со стручни институции | Создавање на соодветна стимулативна средина за учество на сите | Вреднување на постигнувањата на учениците со ПП |
|---|---|---|
| Индивидуални средби со сите институции (ЦСГ, БРО, ЗУ, МОН). | Вклучување на родителите во работата на училиштето: работилници, отворени часови, проектни активности, во процес на планирање на работата на децата со ПП. | Стручна обука на наставниците за утврдување верификување на критериумите за оценување (БРО).<br><br>Да се процени нивото на способностите и можностите. |
| БРО стручни обуки за работа и вреднување на различноста во постигањата на учениците. | | |
| МОН дефинирање и донесување на закони за работа со деца со посебни потреби. | | |
| Советодавна помош за работа со учениците. | Обука на наставниците за работа со асистивните средства. | Да се изработи и да се реализира ИОП. |
| ЗУ помош при определување на потребите на учениците. | Набавка на асистивни средства. | Вреднување на постигањата со вклучување на тимот. |
| ЦСГ социјална (еднократна) помош. | | |

**Пример 5:**

| | Прашање 1: Што треба да се случи во текот на учебната година? | Прашање 2: Какви услови треба да бидат создадени? | Прашање 3: Кој треба да биде зајакнат и кои врски треба да бидат промовирани? |
|---|---|---|---|
| **За поддршка на сите ученици** | Поддршката на сите ученици однапред е предвидена со ГПРУ и поставени се временски рамки. Можности за вклучување на сите ученици се: секции, екскурзии, приредби, посети на институции, музичко и ликовно творење; натпревари ... | Соодветен простор за додатна и дополнителна настава; обезбедување кутии за прва помош; уште еден влез; училница со статичен проектор; бели табли во сите училници; справи за вежбање во училишниот двор ... | Ученик ученик преку игри, работа во парови и групна работа; ученик наставник преку пријателска комуникација, разговор и игра; наставник наставник преку создавање заеднички обврски и други причини за соработка; наставник родител преку повеќе средби и заеднички активности за доброто на детето ученикот; меѓу стручните соработници преку заедничко извршување на работните задачи ... |
| **За вреднување на различноста на учениците** | Во текот на целата учебна година: одбележување на Денот на албанската азбука; празници на другите националности; истражување за другите обичаи, религии, култура, храна, посета на музеи, споменици и археолошки наоѓалишта... | Лифт, асистивна технологија, приспособени тоалети, училница за одмор; постојано потсетување на правата на човекот и правата на децата; поттикнување на дружење и меѓусебна толеранција и соживот, искористувајќи ја секоја можна ситуација... | |
| **За работење со другите** | Во текот на цела учебна година: меѓу сите наставници, други училишта, локална заедница, родители, институции, надворешни специјалисти ... | Училиштен дефектолог со полно работно време; помошници (студенти волонтери за пракса) од институтот за дефектологија; редовни состаноци со тимот за инклузија; соработка со родителите ... | |
| **За професионален развој** | Учество на разни обуки, работилници, презентации, натпревари, постојано следење на стручна литература, веб-содржини, изработка на нагледни средства и пишување учебници, посета на часови, размена на искуства меѓу колегите ... | | |

## Поткрепување на една идеја-стр. 162 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример 1:**

**Планирање**

| Воведување здрав начин на исхрана - Мал одмор со овошје | |
|---|---|
| **Што треба да се случи во текот на учебната година?** | ПАНАЃУР, ТРИБИНА, РАБОТИЛНИЦА<br>• Водење грижа за здравјето на учениците; позитивен став кон здравиот начин на исхрана.<br>• Еднаквост на учениците по повеќе основи висина, тежина.<br>• Социјален статус.<br>• Соработка со сите, а посебно со здравствени работници, нутриционисти, локална самоуправа.<br>• Посета на обука и предавања за здрав начин на исхрана. |
| **Какви простории и средини треба да се создадат?** | ИЗРАБОТКА НА ЅИДЕН ВЕСНИК, ЛЕТОЦИ, ПИШУВАЊЕ МОТИВИРАЧКИ ПОРАКИ<br>• Просторија за делење храна.<br>• Почитување на различностите ист вид на храна за сите.<br>• Соработка со родители кетеринг.<br>• Подигање на еколошката свест (прибирање на органски отпад ѓубриво). |
| **Кои врски треба да се зајакнат?** | • Врската родител наставник.<br>• Совет на родители, училиштен одбор, наставнички совет.<br>• Инклузивен тим. |

## Планирање за иднината-стр. 164 од Прирачникот за инклузивно образование

**Пример за планирање на активностите со учениците од ранливите групи**

| | Време | Активност | Ресурси | Реализатор |
|---|---|---|---|---|
| **Идентификување на групата ранливи ученици** | Октомври, ноември | Работни средби на наставниците по одделенија | Наставници, ТИО, МКФ | Наставници, ТИО |
| **Изработување план за работа со ранливата група ученици по одделенија** | Ноември | Работни средби на наставници по одделенија | Наставни програми, модел за план, хартија, фломастери, плакатна хартија | Наставници, ТИО |
| **Изработување план за работа со ранлива група ученици на ниво на училиште** | Ноември, декември | Работни средби со родители, ТИО | ТИО, наставници, модел на план | Наставници, ТИО |
| **Изработување план за евалвација** | Декември | Работни средби на ТИО | Компјутер, формулари, хартија, примери и модели | Поширокиот ТИО, родители, наставници |



## Резиме - Инклузивна методологија

### Изјава од едно инклузивно училиште

Оваа образовна методологија има за цел да им помогне на наставниците да дизајнираат и да применат програми во кои децата со ПОП ќе учат заедно со своите врсници.

И за училиштата што ја негуваат инклузивната практика и што имаат инклузивни училници, вклучувањето на ученик со ПОП може да е преоптоварувачко, затоа што процесот на создавање на инклузивни услови, кои во центарот го имаат детето, подразбира комплексни промени во училиштето, кои бараат постојани обврски од сите вработени, родителите, семејствата и локалната заедница.

Важно е да се има на ум дека вклучувањето не е збирка од процедури и техники, туку верување дека учењето треба да биде моделирано според индивидуалните потреби на секое дете секое дете да ги достигне своите целосни потенцијали, што не е едноставно.

Наставниците имаат многу важна улога затоа што имаат образовни познавања, го познаваат детскиот развој, поседуваат вештини за набљудување и процена; одредуваат индивидуални цели и задачи; работат тимски; комуницираат со семејствата; ги почитуваат индивидуалните разлики на децата.

Децата најдобро се развиваат кога вистински и природно се вклучени во сопственото учење. Средината ги поттикнува да соработуваат, иницираат, истражуваат и да создаваат.

Улогата на инклузивниот тим е да му помогне на наставникот да определи правилни цели, почитувајќи ги индивидуалните потреби и зајакнувајќи го кооперативното учење.

Вклучувањето на семејството во образованието на сопствените деца го проширува учењето од училиштето во домашни услови и обратно од дома во училиште.

Филозофијата на програмата за инклузивно образование е демократско однесување меѓу локалната заедница, училиштето, децата и нивните семејства. Демократскиот начин на работа со децата, кој поттикнува индивидуалност, критичко размислување, иницијатива, поставување прашања, можност за избор, независност, донесување одлуки и почитување на различности, ќе создаде генерација на граѓани што ќе бидат подготвени да живеат во инклузивно општество.

